УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 1 БРОЈ 1

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2010

## Со трудови од научно-стручниот собир на тема „Улогата на музиката во образовниот процес“

**ГОДИНА 1** **БРОЈ 1**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**За издавачот:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Емилија Јаневиќ - Ивановска
доц. д-р Илчо Јованов
доц. Антонијо Китановски

**Издавачки совет:**
доц. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Милица Шкариќ
доц. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
асс. м-р Ленче Насев

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Милица Шкариќ
доц. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
асс. м-р Ленче Насев

**Главен уредник:**
проф. д-р Милица Шкариќ

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Милица Шкариќ
доц. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
асс. м-р Ленче Насев

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Печати:**
Печатница „2-ри Август” - Штип

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков” бб
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

## СОДРЖИНА

**Проф. д-р Милица ШКАРИЌ**
Музичкиот развој и улогата на музичкото образование кај децата до 10-годишна возраст ........ 7

**Доц. д-р Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА и проф. д-р Аида ИСЛАМ**
Улогата на музичката едукација во функција на спроведување на предметот Музичко образование во одделенската настава ........ 13

**М-р Дуња ИВАНОВА**
Мултиапликативната примена на музиката во воспитно-образовниот третман на децата ........ 21

**Доц. м-р Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
Стручниот профил на дипломиран музички теоретичар – педагог ........ 29

**М-р Викица КОСТОСКА-ПЕНЕВА**
Наставникот по музичко образование како фактор за успешно изучување на музички инструменти во основните училишта ........ 33

**М-р Дирона СОКОЛОВСКА**
Улогата на музичкиот педагог во креирањето на музичката средина во детските градинки ........ 43

**Асс. м-р Ленче НАСЕВ**
Предметот Музичко образование во рамките на основното образование ........ 59

**Лариса ЖУЛИНА-МИТОВСКИ**
Улогата на музиката во образовниот процес ........ 63

**М-р Мирјана ШУЛАЈКОВСКА**
Хорот „Пиколо” – дел од музичкото образование на учениците ........ 71

**Доц. м-р Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
Специфичности во работата со надарени ученици – дефинирање и идентификација ........ 77

**Доц. м-р Марјан ЈАНКОСКИ**
Примената на народните инструменти во одделенската и предметната настава ........ 85

**Прилози** ........ 91

# ПРЕДГОВОР

Факултетот за музичка уметност во Штип е основан на 27 март 2007 година како дел од Универзитетот „Гоце Делчев“. Оваа институција годинава одбележа три години од своето постоење и во овој краток временски период веќе располага со добра кадровска и просторна екипираност.

Поволните услови за работа и ентузијазмот на претежно младиот наставен кадар, придонесоа за развивање на желба поволно да се влијае врз музичкиот развој и култура на популацијата на територијата на цела Република Македонија. Поради ова на 9 февруари 2010 се одржа првиот научно-стручен собир на оваа институција на тема *Улогата на музиката во образовниот процес*. Целта на овој собир беше да се направи детална анализа на состојбите на музичкото образование во предучилишното воспитување, основното и средното образование и да се укаже на можните начини преку кои тоа може и треба да се подобри во нашата држава.

Факултетот за музичка уметност во Штип ќе продолжи и во иднина да биде еден од главните промотори на музичката култура во државата, ќе поттикнува и извршува научно-истражувачка дејност и ќе се залага за квалитетно музичко образование на сите нивоа. Во тие рамки, ова прво издание на Годишниот зборник претставува почеток на овие процеси.

Од главниот уредник

UDC: 37.03:[37.036:78
37.037:[37.03:78
372.878

**проф. д-р Милица ШКАРИЌ**

# МУЗИЧКИОТ РАЗВОЈ И УЛОГАТА НА МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАЈ ДЕЦАТА ДО 10-ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Музичкиот развој започнува пред раѓањето. Нервните клетки на внатрешното уво кај фетусот започнуваат да функционираат во петтиот или шестиот месец од мајчината бременост. Со слушање на чукањето на мајчиното срце фетусот го развива чувството за ритам. Околу седмиот месец фетусот ги перципира надворешните звучни стимули. Кога детето ќе се роди, тоа веќе поседува одредено акустичко искуство.

Одредени истражувања (Feijoo, 1981; Satt, 1984; Hepper, 1991) покажуваат дека бебињата ги препознаваат мелодиите кои ги слушале во текот на два месеца пред нивното раѓање. Резултатите од овие и други истражувања придонесоа за појава на носачи на звук наменети специјално за бремени жени, за кои се претпоставува дека позитивно влијаат врз развојот на фетусот.

Основните музички способности кои се неопходни за учество во сопствената музичка култура се развиваат во првите 10 години од животот. Овие музички способности се развиваат автоматски и потсвесно. Музичките стимули, присутни во општественото и културно опкружување, се сметаат за најважни при развојот на сопствените музички способности. Музички богатото општествено опкружување, во кое музичкото образование посебно се негува, ги развива порано одредени музички способности, за разлика од опкружувањето кое нуди помалку музички активности (Kelley & Sutton-Smith, 1987).

Првите десет години од животот се важни и за формирањето на музичкиот вкус. За децата кои се помали од 8, 9 или 10 години, претпочитањето на одреден вид музика е помалку важно и помалку стабилно отколку кај тинејџерите. Децата се поотворени и потолерантни за непознати видови музика (LeBlanc, 1991), поради што преку осмислено и квалитетно музичко образование може значајно да се влијае врз развојот на нивниот музички вкус и естетски вредности. Со почетокот на адолесценцијата се намалува отвореноста за непознати видови музика, поради што помалку може да се влијае врз формирање на музичкиот вкус. Адолесцентот повеќе ја претпочита музиката која ја слушаат неговите врсници, при што воопшто не му е важна нејзината естетска вредност.

Оттука, квалитетното музичко образование е посебно важно во првите десет години од животот.

Се претпоставува дека музичките способности се нормално дистрибуирани, односно дека најголем број од луѓето (68%) се просечно музикални, додека 14% се помалку музикални, а 14% се натпросечно музикални. Околу 2% се извонредно талентирани, а останатите 2% се со многу ниски музички способности. Од оваа претпоставка може да се заклучи дека речиси секој може да има корист од музичкото образование и покрај постојните разлики во музичките способности помеѓу индивидуите (Gordon, 1987).

Музичкото образование во првите десет години од животот, освен што ги развива музичките способности и музичкиот вкус, влијае и врз општиот развој на детето. Истражувањето на Ханс Гинтер Бастијан (Bastian, 2000), кое траеше 6 години и беше спроведено на две групи деца на 6-7-годишна возраст, покажа зачудувачки резултати. На почетокот од истражувањето двете групи имаа слични училишни резултати, сличен коефициент на интелигенција, однесување итн. Првата (експериментална) група, од почетокот па сè до крајот на истражувањето, активно изучуваше музика и свирење на некој инструмент. Втората (контролна) група, во текот на истражувањето, воопшто не добиваше некаков вид музичко образование, ниту пак музицирање.

По 6 години истражување се добија зачудувачки резултати. На крајот од истражувањето децата од експерименталната група која активно музицираше во споредба со децата од контролната група имаа:

- подобро социјално однесување;
- зголемен коефициент на интелигенција;
- подобри училишни резултати;
- подобра способност за концентрација.

Социјалното однесување на децата од двете групи беше оценето на следниов начин. Во групата која активно музицираше, на крајот од истражувањето, 92% од децата беа позитивно оценети од нивните соученици. Во групата која не музицираше позитивно беа оценети само неколку деца од нивните соученици. Учители од различни предмети, децата од музичката група ги оценија како деца кои знаат да сослушаат докрај и се трпеливи, додека децата од другата група беа оценети како повознемирени и со недоволно развиено чувство за почит.

На почетокот од истражувањето двете групи деца беа изедначени според нивото на коефициентот на интелигенција. Од испитаниците

46% имаа нормална интелигенција, 14% имаа натпросечна, а 40% имаа потпросечна. На крајот од истражувањето, коефициентот на интелигенција кај сите деца кои музицираа порасна, додека кај децата од групата која не изучуваше музика, коефициентот минимално се промени. На пример, просечниот коефициент на интелигенција кај децата од експерименталната група од 105 IQ порасна на 111 IQ, додека кај децата од контролната група остана приближно ист. Важно е да се нагласи дека интелектуалните способности можат да пораснат од седмата до дванаесеттата година, ако правилно се стимулираат. По дванаесеттата година интелектуалните способности побавно напредуваат. Ова истражување покажа дека квалитетното основно музичко образование најповолно влијае врз порастот на интелектуалните способности кај децата на возраст од 7 до 12 години.

Квалитетното музичко образование, освен што непосредно влијае, остава траги во текот на целиот живот. Во својата докторска дисертација Колие-Слон (Collier-Slone, 1991) го истражувал искуството на учениците и нивните родители со методата *Сузуки* и нејзиното влијание врз нивните животни навики и начини на учење. Сите 26 испитаници учеле според методата *Сузуки*, почнувајќи од предучилишна или раноучилишна возраст, па сè до крајот на средното образование. Според исказите на учениците, методата *Сузуки* многу придонела во позитивниот развој на нивната самопочит, нивните навики, вредности и концентрација.

Од претходно наведеното, прикажано е преку научни докази значењето на квалитетното музичко образование и воспитание во првите десет години од животот. Во Р. Македонија, за жал, повеќемина деца немаат пристап до квалитетно музичко образование и воспитание. Нема музички педагози во секоја градинка, факт којшто е забележан и во Националната програма за развој на образованието на Република Македонија за 2005-2015 година, каде се истакнува дека „*потребно е да се зголеми застапеноста на стручните соработници: музички, ликовен педагог и други стручни соработници, бидејќи нивниот број е незначителен*“. Музичките активности се едни од најважните активности кај децата од предучилишна возраст и овозможуваат развој на психофизички здрава и интелектуално развиена единка. Музичкото воспитание во градинките најквалитетно може да го извршува само музичкиот педагог, поради што е неопходно во градинките да се вработат вакви лица.

Во државните основни училишта, од прво до петто одделение предметот Музичко образование го предаваат одделенски наставници, кои најчесто не се чувствуваат доволно компетентни за изведба на овој вид настава. Нивната компетентност, често е недоволна поради неколку

проблеми кои постојат во системот за високо образование на Педагошките факултети:

- Првиот проблем е непостоењето на приемни испити при избирање на студентите. Речиси секој студент кој ќе посака може да студира на педагошките факултети, без притоа да мора да поседува основни музички способности. Основните музички способности се неопходни за развивање на повеќе музички вештини, како пеењето, свирењето, аранжирањето итн. Предметот Музичко образование не може да го предава наставник кој не ги владее овие вештини;
- Вториот проблем е бројот и времето на учење на музички предмети за време на студирањето. На пример, на Педагошкиот факултет во Штип во најновата наставна програма се изучува само еден задолжителен музички предмет. Тоа е предметот *Музичко образование со методика*, кој се изучува само два семестра. Останатите музички предмети се изборни. Студентот, и доколку ги поседува основните музички способности, не добива доволно музичко образование во текот на студиите за да ги развие потребните музички вештини;
- Третиот проблем е големиот број студенти кои се примаат на студиите, посебно на насоката Одделенска настава. На пример, на Педагошкиот факултет во Штип секоја година се примаат околу 120 студенти на насоката за одделенска настава. Поради големиот број студенти, наставата по музичките предмети се држи во поголеми групи, иако за нивно успешно совладување е потребно учење во мали групи или индивидуална настава.

За надминување на наведените проблеми при изведување на наставата по предметот Музичко образование, неопходно е таа да се изведува од наставник со завршен Факултет за музичка уметност веќе од вториот циклус на деветгодишното образование, односно од четврто до деветто одделение. Наставникот со завршен Факултет за музичка уметност е далеку поспремен и постручен за изведување на настава по овој предмет, во однос на одделенскиот наставник. Одделенскиот наставник треба да ја држи наставата по овој предмет во првиот циклус, односно од прво до трето одделение и по потреба да добива помош од музичкиот наставник при совладувањето на одредени музички содржини.

**Користена литература**

Bastian, H. B. (2000). *Kinder optimal fördern – mit Musik*. Schott Musik.

Collier-Slone, K. (1991). *The psychology of humanistic life education: A longitudinal study*. Необјавена докторска дисертација, Union Institute, Cincinnati.

Feijoo, J. (1981). Le foetus Pierre et le loup: Ou une approche originale de l'audition prenatale humaine. Во E. Herbinet & M. C. Busnel (Eds.), *L'aube des Sens* (стр. 192-209). Paris: Stock.

Gordon, E. (1987). *The nature, description, measurment, and evaluation of music aptitudes*. Chicago: GIA.

Hepper, P. G. (1991). An examination of foetal learning before and after birth. *Irish Journal of Psychology, 12,* 95-107.

Kelley, L., & Sutton-Smith, B. (1987). A study of infant musical productivity. Во J. C. Perry, I. W. Peery, & T. W. Draper (Eds.), *Music and child development* ( стр. 35-53). New York: Springer-Verlag.

LeBlanc, A. (1991). *Effect of maturation/age on music listening preference: A review of literature*. Труд изложен на The Ninth National Symposium on Research in Music Behavior, Cannon Beach, OR.

Satt, B. J. (1984). *An investigation into the acoustical induction of intrauterine learning*. Необјавена докторска дисертација, University of California, Los Angeles.

UDC: 371.123:78 (497.7)
372.878

**доц. д-р Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА**
**проф. д-р Аида ИСЛАМ**

# УЛОГАТА НА МУЗИЧКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА

Истражувањата во областа на музичкото образование во повеќето земји во светот укажуваат на исклучителното значење на овој предмет во образовниот процес. Придобивките кои произлегуваат од музичката едукација кај младата популација, според резултатите од овие истражувања може да се групираат во следниве категории: успех во општеството, успех во училиштето, успех во развивањето на интелигенцијата и успех во животот.

Генерално, заклучокот е дека музичкото образование придонесува за успешно интегрирање на личноста во општеството, подобри постигнувања во останатите области од образовниот систем, развојот на личноста (IQ, когнитивните способности, просторно-визуелната перцепција, моториката, вербалните способности), стекнување на самодисциплина, работни навики и преземање на одговорност во животот.

Овие тези нè иницираа да се осврнеме кон системот на пренесување на знаењата кај нас, со цел да се добие функционално музичко образование во рамките на целокупниот образовен систем. Уште еден фактор се и реформите во образованието во кои има промена во бројот на часови: во одделенската се предвидуваат по 2 часа во сите години, а во предметната бројот на часови се намалува (од 2 на 1).

Со таа цел, во почетокот на учебната 2008/2009 година на Педагошкиот факултет „Климент Охридски“ во Скопје, со група студенти направивме истражување да го дознаеме ставот на идниот одделенски наставник за значењето на предметот Музичко образование (Ислам & Лешкова, 2009). Добиените резултати, кои покажаа незадоволителен однос кон предметот Музичко образование, нè поттикнаа да спроведеме ново истражување со цел да видиме колку пак предвидената наставна програма влијае врз промената на критериумите за значењето на предметот Музичко образование кај истите целни групи. Ова нè интересира особено поради фактот што наставната програма која се изучува во текот на студиите во рамките на Педагошкиот факултет во Скопје, потполно ги задоволува потребите за реализирањето на наставата по овој предмет.

Се одредивме за идните одделенски наставници, првенствено што тие се носители на првиот стадиум на задолжително образование каде детето започнува со системско изучување на овој предмет и не се музички специјализирани. Овие факти претставуваат тема на многубројни полемики во повеќе земји за компетенциите на одделенскиот наставник во однос на овој предмет.

За евалуација на квалитетно спроведување на наставната програма, преку проверка на стекнатите знаења, истражувањето го спроведовме во две фази: анкетен лист и практичен дел. Концептот беше да се добијат што повеќе информации за нивната општа музичка култура и индивидуалните музички способности. Музичката култура опфати прашања кои се однесуваат на добивање податоци за основни знаења од музичката теорија (нотно писмо), препознавање на музичките инструменти (визуелно и аудитивно) и музичките жанрови, изведувачки состав и препознавање на популарни дела од областа на класичната музика. Индивидуалните музички способности ги тестиравме само во втората фаза, со цел да видиме каков е музичкиот потенцијал на идниот наставнички кадар. Практичниот дел се одвиваше преку проверка на музичките способности со повторување на ритмички и мелодиски обрасци. За попрецизен преглед и соодветна евалуација на дадените параметри, резултатите од двете фази на истражувањето ќе бидат претставени компаративно. Популацијата ја сочинуваа студенти од III година - Одделенска настава на групите по македонски, албански и турски јазик, кога всушност започнува изучувањето на предметите по музичко образование. Анкетирањето опфати примерок од 100 испитаници, за кој сметаме дека е репрезентативен, со оглед на фактот дека тоа е стабилна бројка на студенти, кои во континуитет ја посетуваат наставата по овој предмет.

*Резултати:* Дистрибуцијата за музичката активност во минатото покажа дека 26% од испитаниците свиреле на некој инструмент во основното училиште, а во моментов 27% се музички активни. Овие студенти партиципираат во културно-уметнички друштва 12%, музички состави (бендови) 8% и хор 7%.

Прашањата во однос на музичката писменост ги дадоа следниве резултати:

1. Во првата фаза од истражувањето се покажа дека само 20% од испитаниците ги знаат основните елементи од нотното писмо, 18% не одговориле, а 63% одговориле неточно.
2. Во втората ги добивме следниве резултати: 89% дале точен одговор, а 11% не одговориле што и очекувавме со оглед на тоа дека се работи за елементарни знаења.

Според наша проценка, значајното зголемување на процентот е очекувано со оглед на обемниот материјал од музичката теорија кој се изучува во текот на предавањата (теориски и практично), а поставените прашања се од елементарна природа (препознавање на нотите од I октава и виолинскиот клуч). Покрај тоа, оваа драстична промена е резултат и на обновување и потсетување на знаењата од основното образование кое е прекинато во текот на средното образование (52% од испитаниците се од средни стручни училишта, а 48% се од општа гимназиска насока).




*Слика 1. Дистрибуција според познавање на нотното писмо*

Позитивни резултати беа добиени во однос на аудитивното препознавање на музичките жанрови (86%-93%), поради што ова прашање го изоставивме во второто тестирање (слика 2).




*Слика 2. Дистрибуција според познавање на музичките жанрови*

Нас особено нè интересираше колку студентите ги препознаваат музичките инструменти, со оглед на тоа дека еден од предметите во предвидената наставна програма е *Познавање на музички инструменти*. Прашањето се состоеше од препознавање на музичките инструменти со помош на фотографија и ги опфати главните претставници од сите групи според општоприфатената поделба на Берлиоз (слика 3):




***Слика 3. Познавање на музички инструменти***

Како што може да се забележи, испитаниците ги препознаваат инструментите кои се најпопуларни и се застапени во повеќе музички жанрови (пијано 100%, гитара 98%, виолина 87% и кларинет 75%).




***Слика 4. Познавање на музички инструменти***

Очекувано беше во второто испитување студентите да ги препознаат музичките инструменти (слика 4). Како што може да се забележи, предметот Музички инструменти во потполност го проширува општото музичко познавање. Практичниот дел од предавањата се состои од визуелно и аудитивно претставување на инструментите, што придонесува за препознавање на изведувачките состави на музички дела, а се потврди и со висок процент од резултатите на прашањето за препознавање на инструментален состав (слика 5).




***Слика 5. Инструментален состав***

Прашалникот ги опфати и прашањата за значењето на предметот Музичко образование во однос на останатите предмети во одделенската настава: само 37% од испитаниците сметаат дека Музичко образование е важен предмет.

За појаснување на нивниот став кон ова прашање, ги дадовме и следниве можности за одговор: *Музиката е корисна за развојот на децата* - 39%, *Има поважни предмети* - 42% и 19% се изјаснија дека *не знаат зошто е предметот важен*.

Добиените резултати (музичко образование 30% наспроти мајчин јазик и математика 60%, странски јазик 39% и информатика 38%) соодветствуваат со претходните одговори на испитаниците и го потврдуваат нивното мислење за улогата и местото на предметот Музичко образование во целокупната наставна програма. Резултатите повторно одат во прилог на тезата дека не му се придава доволно значење на овој предмет.

На овие сознанија соодветствуваат и резултатите од практичниот дел од индивидуалната проверка на музичките способности, кои ги добивме со примена на општоприфатени форми на испитување во специјализираните музички институции кај нас: повторување на тон од зададен акорд, интонирање на зададена мелодија, повторување на ритмички образец.




*Слика 6. Дистрибуција според интонирање на еден тон од акорд*

Според сликата може да се забележи дека само 40% од испитаниците правилно интонирале еден тон од зададен акорд (дур и мол квинтакорд). Категоријата *средно* во одговорите ја внесовме првенствено поради големата трема (во вид на интонативна и мемориска блокада) што ја имаа повеќемина испитаници, поради што не успеваа од неколку обиди да го повторат тонот (21%). Од нив 39% не успеаја воопшто да ја погодат интонацијата.




*Слика 7. Дистрибуција според повторување на мелодиска фраза*

Од испитаниците 23% успешно го повториле целиот мелодиски образец, 65% воопшто не успеале, а 12% од нив истиот го повториле во помали делови и во повеќе обиди.




***Слика 8. Дистрибуција според повторување на ритмички образец***

На сликата 8 се забележува дека 71% од популацијата правилно го повториле ритмичкиот образец, 15% од повеќе обиди, а 14% не успеале воопшто.

Истражувањето покажува дека музичката едукација во текот на студиите ги проширува музичките знаења и вештини, (како на пр. свирење на пијано и орфови инструменти), што претставува значаен фактор за надминување на бариерата од апстрактноста на музиката. Сепак, незадоволителниот однос кон предметот Музичко образование е резултат на влијанието на свеста на целокупната средина за значењето на предметот генерално во рамките на образовниот систем. Менувањето на ваквиот став кај идниот наставнички кадар е бавен и долготраен процес, особено што се едуцираат да бидат компетентни за сите предмети во наставата. Кај дел од оваа популација, музичките предиспозиции претставуваат дополнителен хендикеп во совладување на одредени музички компоненти, како на пр.: музичката интонација и ритамот и резултираат во недостаток од самодоверба. Сепак, постојат начини за надминување на ваквата состојба преку користење на це-де, ди-ви-ди, практична примена на детските музички инструменти, посета на музички настани и сл., кои би овозможиле функционална реализација на предметот Музичко образование во одделенската настава.

UDC: 372.878
78:159.932

**м-р Дуња ИВАНОВА**

# МУЛТИАПЛИКАТИВНАТА ПРИМЕНА НА МУЗИКАТА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ТРЕТМАН НА ДЕЦАТА

## Вовед

Заложбата за примарно, суштинско значење во процесот на образованието, во оформувањето на човековиот карактер и неговите мисловни способности е стара колку што е стара и западната култура. Историчарите кои ја истражуваат и проучуваат музиката знаат дека и Платоновите учења за етосот расправаат за систематско музичко влијание врз човековата душа. Но, расправаат и за суштинскиот елемент за изградба на државата - музиката. Во поновото време, пак, познатите филозофи В. Гете и Ј. Х. Песталоци биле истакнати заговорници за продуховеното одгледување на човекот. И двајцата ја истакнуваат песната и музиката како важни чинители и оплеменувачи на човековиот карактер, но и како стимулатори кои можат да се користат во процесот на образованието. Ова особено кај децата во развој, кога музиката може да се аплицира врз секој училиштен предмет и на тој начин да се постигнат одредени предвидени резултати.

Филозофот Гете тврдел дека музиката овозможува чиста радост и конкретна корист. Тој во еден од своите романи ќе запише: „*Пеењето е прв степен на образование. Сè останато се надоврзува на него и низ него се соопштува. Наједноставното уживање, како и најпростата наука се оживува и се обликува низ пеење. Дури и она што го пренесуваме од нашата вера и обичаите на поколенијата се кажува со пеење*”. Во текстот филозофот понатаму истакнува: „*Заради тоа, од сè што може да се замисли ја избравме музиката како елемент на нашето воспитување. Од неа водат патиштата на сите страни кои нудат различни можности*” (Bjerkvol, 2005).

Многумина филозофи, музиколози, композитори, музичари и психолози биле привлечени и обземени од феноменот наречен музика. Поттикнати од нејзиното чудотворно дејство, музиката станала предмет на нивните истражувања, проучувања, размислувања. Истовремено нејзината широка примена и ден-денес е забележлива во најразлични области од секојдневието.

Меѓу многубројните искажани мисли за музиката и нејзиното значење во животот на човекот и општеството, особено се истакнува онаа

на големиот Лудвиг ван Бетовен кој музиката ќе ја нарече „најголемо откритие”, поголемо од сите мудрости на филозофијата. Според него, музиката го чини човекот поплеменит и среќен, во него развива љубов, не само спрема она што е убаво, туку и спрема заедницата, воопшто.

* * *

Темата на ова текстуално излагање ѝ го доделува централното место на музиката. Овојпат, содржината, пред сè, ќе се однесува на музиката како на дел од процесот на образованието и секојдневното воспитание на децата кои се во развој. Најконкретно, ќе ги опфати учениците и наставниците од основните училишта, со намера од еден поинаков агол да се претстави, приближи и употреби влијанието што музиката го содржи во себе, а кое секојдневно се занемарува или погрешно се аплицира.

Целта е содржината на овој краток труд своја примена да најде во стручните музички училишта, каде што музиката природно го има главниот збор. Но, секако и во основните училишта, каде што ќе се појават нови идеи за примена и соодветен пристап кон музиката не само на часовите по музичко образование, туку и во рамките на останатите предмети кои секојдневно се изучуваат. Определбата е учениците и педагозите да се стекнат со пошироки знаења од областа на музиката и воопшто уметноста, а како придобивка ќе се почувствува и влијанието на нејзиното воспитно дејство, кое во голема мера ќе влијае и врз формирањето на детето како сестрана личност.

Истакнувајќи ја мултиапликативната примена на музиката, во овој текст ќе се настојува да се даде препознатлив интерес во подигнувањето на значењето на музиката на едно повисоко ниво, како во образовните институции така и во општеството, придонесувајќи истовремено и за културно реализирање на луѓето, воопшто.

### За влијанието на музиката

Детето музиката ја чувствува уште во првата година од својата возраст. Во периодот на доенче, на мало и предучилишно дете, од големо значење е создавањето на неговиот интерес за музика, објаснува Мира Воглар, автор на книгата *„Kako muziku približiti deci”*.

Музиката ги обединува децата, ги поврзува меѓусебно, особено зближувајќи ги со личноста преку која тие ја запознаваат тонската уметност. Музиката во детскиот живот внесува радост, веселост, опуштеност и воодушевување. Со своите звуци и вибрации, музиката детето емоционално го збогатува и го оплеменува. Преку разновидни музички дејности можеме да влијаеме врз развојот на детските диспозиции за музика и истовремено да ги развиваме интересите кај детето.

Секако, посебно внимание треба да се обрне на изборот на музиката која на децата им се сервира. Со правилен избор може соодветно да се дејствува врз децата. И тоа не само на музичките предмети, туку и на останатите кои се од сосема поинаква природа и кои се темелат врз сосема различни принципи и правила на учење. Така, на пример, преку пеењето на наједноставни вежби или песни може да се стимулира развојот на речникот кај првачињата, а истовремено и развојот на способностите за усно изразување; со помош на некои едноставни формални анализи на одредена композиција може да се работи на јакнење на мотивацијата за учење математика, со што ќе се истакнат заедничките односи и пропорции кои ги содржат музиката и математиката; преку слушањето музика и нејзиното конкретизирање и опредметување се постигнува општ развој на креативноста и фантазијата кај децата; со формирање на музички состави и групи се придонесува за развој на социјалната интелигенција, за поголема мотивација и групна работа; со воведување на музика од најразлични жанрови, анализирање и паралелно употребување со класичната музика, може да се постигне поголема интеракција на часот со што учениците ќе бидат стимулирани за активно присуство на наставата и сл.

Што се однесува до начинот на кој музиката дејствува врз децата, а воопшто и врз сите луѓе кои ги примаат нејзините звуци, постојат многубројни истражувања, претпоставки и докази. Еден од најфасцинантните е употребата на музиката како терапија преку конкретна примена на нејзините звучни вибрации. Музиката отсекогаш се користела за прочистување на свеста, за постигнување хармонија во човечкото тело и дух. Звуците делуваат како стимули кои го поттикнуваат мисловниот процес и ослободуваат енергија која е врамнотежена во потсвеста.

Музиката постојано делува врз нас и нашиот нервен систем, дури и кога се работи само за музика во позадина. Музиката може да влијае врз нашето расположение, чувства, особини, како и врз однесувањето. Сепак, јасно треба да се разграничи дека најголемиот дел од времето луѓето не ја слушаат музиката, туку дека тие само ја забележуваат. Малкумина умеат да слушаат. Слушањето е дарба, но тоа може и да се научи. Да се научи да се слуша значи да се разберат универзалните принципи: сочувство, искреност, трезвеност. Токму оние принципи кои додека се во развој, децата треба да ги запознаат, да ги разберат, да ги присвојат. Совладувањето на вештината на длабоко и внимателно слушање е големо достигнување на една личност. За да се совлада т.н. „длабоко слушање” е потребен труд и постепена работа со децата. Со трпеливост и посветеност, децата ќе се едуцираат и оспособат за слушање, а со тоа и за многу други позитивни особини.

**За наставникот**

Наставничкиот повик спаѓа во најтесниот круг на професии со изразена хуманистичка ориентација. Сите лични и професионални способности, сето свое знаење и умеење, својата определеност да им помагаат на децата и на човекот, воопшто, наставниците треба да го стават во служба на својата професија. Наставничката професија е една од ретките каде што не постои нагласена граница меѓу личниот и професионалниот живот, меѓу службените и личните намери, особини и постапки - објаснуваат Н. Трнавац и Ј. Џорџевиќ, автори на делото *„Pedagogija”*. Во наставничкиот повик личноста се внесува целосно, своите задачи ги извршува со многу емоции, љубов, хуманост и несебичност. Во однос на ученикот, наставникот треба да умее да пренесува знаење, да им ги развива способностите и навиките на учениците, кај секој од нив да формира одреден поглед на светот, да влијае врз развојот на нивните карактерни црти и врз социјализацијата на учениците.

Воспитувањето, пак, е неминовен дел од процесот на образование и претставува продолжување на човековата еволуција. Суштината на воспитувањето не е ниту во воспитаникот, ниту во воспитувачот, туку во процесот на нивна заемна еманципација, комуникација, размена и меѓусебно усовршување - објаснуваат авторите на *„Pedagogija”*. Воспитувањето по својата природа има антиципативна дејност. Со воспитување на децата во развој, ние вложуваме во нивната иднина и во иднината на нивните потомци, во развој на нивната култура, потоа во осознавањето на смислата за подобар свет, идеја и креативност кои најдобро се постигнуваат минувајќи по патот на уметноста. Во процесот на образование наставникот е должен постојано да внесува нови методи кои секако ќе бидат во сооднос со наставната материја, а со цел за развивање на интересот и активноста кај учениците. Во спротивно, децата кои во иднина можат да станат наставници, наместо да се движат напред, ќе се вратат децении наназад во еден застарен школски систем кој нема да вроди никаков плод за идните генерации. Наставниците мораат да се стремат кон обезбедување на прогресивен премин од една генерација кон друга, од една стара култура кон нова, од стари навики кон нови. Токму затоа, наставникот во текот на својата работа треба да е флексибилен, адаптивен на современието, да биде во чекор со новите генерации, со модерните времиња, да го следи нивниот развој, трендовите и навиките, сè со цел учениците да ги насочи кон социјално и културно оформување. Тоа не значи целосно и слепо приклонување кон новитетите кои се пласираат во општеството, туку своевидна кореспонденција меѓу традиционалните и модерните струења со што ќе се создаде една квалитетна подлога за школување и воспитување на учениците.

**Музиката помеѓу наставникот и детето**

Музичкото влијание дејствува врз децата преку посредници кои во најчест случај се наставниците, особено во предучилишниот период или периодот на основното училиште, кога кај детето се формираат основните естетски чувства и кога можноста за развој на неговиот талент и способности е најсилна, најопиплива и најпогодна за оформување. Тоа е период од детскиот живот кога особено преку музиката во голема мерка може да се влијае врз формирањето на карактерните особини, како и културните навики на детето.

Периодот на основното образование е време во кое кај детето се случуваат и чувствуваат како физички така и психички, а особено емотивни промени. Тоа е уште една причина плус за внимателно одбрана и соодветна примена на музиката во процесот на воспитување на детето. Но, тоа истовремено подразбира и поголема внимателност и будност од страна на наставникот во однос на пристапот, методите и мерките кои во училиштето секојдневно се користат.

Така, дејството на музиката ќе биде пријатно и плодотворно само доколку правилно се изведуваат и организираат музичко-образовните дејности. Тука, пред сѐ се мисли на начинот на пренесување на знаењето и односот спрема ученикот во особено деликатниот воспитно-образовен процес.

Кога конкретно станува збор за музичкото образование, од исклучителна важност е пристапот на наставникот кон детскиот интерес за музиката, воопшто, или за некој инструмент, на пример. Неговата задача не е само стручно да го насочи неговиот талент и да се стреми кон чисто техничко развивање на неговите способности, туку подеднакво да се ориентира и кон стимулација на детскиот општ интерес за музиката и за уметноста, воопшто.

Кај децата е важно да се разбуди, развие и обликува љубовта спрема музиката. Наставникот треба да се потруди да ги поттикне децата да ја засакаат музиката, да сакаат да ја слушаат и изведуваат. Едноставно, да ѝ се радуваат.

На децата треба да им се овозможат и конкретни музички доживувања. Преку композициите кои ги изучуваат на часовите, важно е да се делува на нивните емоции, на нивното следење на музиката. Наставникот треба да се стреми кон создавање на соодветна атмосфера која позитивно ќе дејствува на детското музицирање. Тоа подразбира да се умее да се навлезе во карактерот и чувствата на детето и во хармонија со нив да се обезбеди соодветен пристап, кој би требало да е различен и приспособен за секој ученик. Таквиот однос на наставникот ќе придонесе за отстранување

на евентуалниот страв или неудобност, што многу деца ги чувствуваат за време на часот или пак пред концерт, страв кој подоцна низ годините може да остави белези врз нивниот емоционален живот. Оттаму, важно е да се истакне дека наставникот треба трпеливо да ги поттикнува, развива и негува детските творечки пориви и во текот на школувањето правилно да ги насочува.

Наставникот, исто така, може да влијае и врз формирањето на елементарниот музички вкус кај децата. Токму поради тоа, тој треба да настојува колку е можно детето помалку да доаѓа во допир со безвредни творби кои не поседуваат никаква естетска вредност. Најчесто тоа се производи на т.н. „масовна култура” секојдневно присутни и секому лесно достапни.

Децата треба да се насочуваат и воспитуваат особено и во изборот на музика која секојдневно ја слушаат. Ова не значи дека строго треба да се ограничи нивниот избор, ниту пак да се настојува на само еден музички жанр. На децата треба да им се обезбеди музика која ќе биде соодветна за нивната возраст, музика која ќе може да им се објасни, музика која ќе умеат да ја разберат и почувствуваат. Тоа исто така не значи дека наставникот или родителот треба да му го наметнува на детето својот сопствен музички вкус. Едноставно, нивната должност е на детето да му обезбедат избор на квалитетни звуци кои задоволуваат одредени естетски и културни стандарди, избор кој вистински претставува музика, а не нешто што само така се нарекува или пак дури е и шунд.

## За духовната надградба на децата

Возрасните управуваат со изборот на животниот пат на детето, при што одредени вредности се означени како неопходни приоритети. Еден од тие приоритети е училиштето, значи наставниците како и целиот образовен систем низ кој детето расте и притоа треба да прерасне во зрела, стабилна и оформена личност. Но, покрај наставниот материјал и постапното воспитување, наставникот е должен да обрне внимание и на духовната надградба кај децата. Ова прашање особено ги засега училиштата кои се занимаваат со стручно насочување на децата, каде што наставата се одвива преку индивидуални часови поради деликатноста и сложеноста на материјата која тие треба да ја совладаат. Токму од таа причина, многу често се случува да се занемарат основните принципи кои наставникот треба да ги негува и применува, а тие да влијаат врз развојот на духот и културните навики кај детето. Наместо тоа, честопати наставниците инсистираат на истакнување на компетитивната страна кај ученикот, го пренагласуваат неговиот стремеж за постигнување на поголеми успеси во

однос на неговите врсници, премногу ги форсираат неговите таленти и способности и сл.

Ниту едно училиште не може да исшколува продуховени ученици без продуховени наставници, вели Жан-Руар Бјерквол, автор на книгата *„Nadahnuto biće”*. Тој во своето дело објаснува дека во текот на школувањето наставниците треба систематски да ја развиваат и вежбаат духовноста кај ученикот, се разбира во рамки на неговите способности. Наставникот треба да работи на зацврстување на духовната интелигенција кај ученикот, а тоа подразбира: развој на фантазијата, продуховена енергија, ширина и топлина, сигурност, поттикнување на самодовербата и заемната доверба учител-ученик, ентузијазмот и развојот на ентузијазмот. Сите овие компоненти треба да се градат постепено со умерена силина, зашто во спротивно би можеле да доведат до несакан контра ефект.

Подеднакво важно е наставникот да работи и врз сопствената надградба на духот и на сопственото образование воопшто. Со завршувањето на студиите не завршува образованието. Сè додека наставникот е во педагошката дејност, тој е должен да го збогатува сопственото образование, особено обрнувајќи внимание на областа која е негова стручна определба. Тоа значи следење на актуелностите и новитетите, збогатување на искуството - теориско и практично, и што е можеби најважно, работа врз духот. Ова, пред сè, од причина што децата заслужуваат да учат во позитивна, оптимистичка и пријатна атмосфера, здобивајќи се притоа со квалитетно знаење и соодветно воспитание.

## Заклучок

Музиката е еден од најдлабоките извори на човековата радост и доживување. Таа е основен извор на богат, креативен и целовит живот. Не постои поголема корист од создавање на поповолно тло за живот полн со енергија и радост, а тоа подразбира исполнет живот. Затоа е исклучително важно со помош на музиката, низ звуците и вибрациите што таа ги дарува, да настојуваме да обезбедиме соодветен музичко-педагошки пристап кај децата. Тие не само што ќе ја изучуваат музиката и нејзините тајни, туку ќе се проучуваат себеси и своите квалитети, постепено воспитувајќи ги својот дух и чувства.

Музикологот Бјерквол нагласува дека сè повеќе ги забораваме и потиснуваме важноста на „играта” и спонтаноста во создавањето на целосно продуховено суштество. Според него, само хармоничноста, слушливоста и духовноста овозможуваат процес на спонтано учење кое единствено одговара на детските потреби и способности, а кои во целост ги обезбедува музиката. Токму затоа, учењето низ музиката треба да

претставува неминовен дел од процесот наречен образование. Делата на музичката уметност да бидат предизвик за „соиграчите” во образовниот процес, со што ќе се стимулира посебна, оригинална и мотивирачка возбуда, но и поттик да се спознаат тајните на животот, да се разоткрие светот и да се збогати сопствената духовност низ секојдневното дружење со музиката и со уметноста воопшто.

## Користена литература


Bernar, P. (2007). *Muzika kao duhovna staza*. Beograd: Esotheria.

Bjerkvol, J.-R. (2005). *Nadahnuto biće*. Beograd: Plato.

Green, B., & Gallwey, T., W. (1987). *The inner game of music*. London: Pan Books.

Radoš, K. M. (1996). *Psihologija muzike*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Radoš, K. M. (1998). *Psihologija muzickih sposobnosti*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Voglar, M. (1997). *Kako muziku približiti deci*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Trnavac, N., & Đorđević, J. (1998). *Pedagogija*. Beograd: Naučna knjiga komerc.

UDC: 378.14: [78:371.12 (497.7)

**доц. м-р Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**

# СТРУЧНИОТ ПРОФИЛ НА ДИПЛОМИРАН МУЗИЧКИ ТЕОРЕТИЧАР – ПЕДАГОГ

Од постоењето на човекот еден од најзначајните елементи на неговото живеење претставува музиката, за чие влијание - морално, духовно или просветлувачко отсекогаш се поставувале многу прашања и тези. Платон, на пример, во текот на своето живеење (427 - 347 пр.н.е.) ја поставува музиката „како врвна филозофија и наука, чие волшепство може да придонесе за култивирање на духот, поради што треба да се воведе во образованието на младите“. Тенденција која продолжува да се потврдува и профилира до ден- денес.

Од поблиското минато, кога севкупното образование го изведуваа учители, индивидуалци кои успевале да стекнат малку поголемо образование од останатите, образовниот систем еволуираше при што се отворија виши школи, факултети и во сегашно време универзитети кои овозможуваат сè повисок и поквалитетен наставнички кадар, специјализиран стручно за материјата која треба да им се пренесе на идните генерации ученици. Само како потсетување, во 1950 година се формира музичкиот оддел при Педагошката академија во Скопје, а во 1966 година се формира Факултетот за музичка уметност, со првиот декан академик проф. Властимир Николовски, при што уште тогаш се потврдува потребата од посоодветно, стручно образување на идните наставници. Можеби сè уште нашиот образовен систем не би можел да еволуира на уште повисоко ниво, како што е, на пример, Германија каде постојат одделни студиски програми за наставниците по музичко образование за основни училишта и наставниците по музичко образование за музички училишта. Од друга страна, Министерството за образование на германската федерална држава Хесен работи на тоа да ѝ ја доверат на музиката - централната улога во образованието. Во два пилот-проекта во текот на 2005/6 и 2006/7 година, 21 основно училиште во Хесен работат кон трансформирање во „Музичко основно училиште“. Називот означува институција – основно-образовна установа, во која кон музичкото образование се приоѓа со посебно внимание, над традиционалната форма, очекувајќи дека со таквото образование ќе се развијат многу повеќе креативните способности на учениците, ќе се зголеми нивната желба за учење и ќе се подобри нивниот психолошки, емоционален развој и нивните интеракциски способности.

На Факултетот за музичка уметност во Штип студиската програма за идниот наставнички кадар, дипломираните музички теоретичари и педагози, во најголем дел е составена од предметни програми кои во текот на годините се докажале како фундаментални, содржани во студиските програми на овој профил во најголем дел европски земји, поради што лесно се адаптираше според потребите на Европскиот кредит-трансфер систем, но и постојано се моделира според сите најнови сознанија и потреби на образовниот систем на Република Македонија. Студиската програма опфаќа стручни предметни програми кои оформуваат многу сериозно образуван наставник по музичко образование, а понатаму се дополнети со општообразовни предмети кои ги прошируваат сознанијата и видиците на идните академски граѓани. Нема потреба повторно да се спомене од колкаво значење била и е музиката за секој човек, особено што сега веќе истата покрај едукативниот, педагошкиот и социјалниот аспект сè повеќе институционализирано се употребува во терапевтски цели. На пример, во нашата земја „сестраното користење на музиката во воспитно-образовниот, односно терапевтскиот процес како веќе верифицирана претпоставка за емотивниот и социјалниот развој“ на децата со пречки во развојот започнува уште во 1951 година. Наставниците на Педагошкиот факултет стекнуваат минимални знаења од областа на музичката уметност и сосема недоволно за да би можеле да ѝ се посветат на оваа материја соодветно, да можат да работат со учениците на развивање на нивните музички и креативни способности, како и да ги откријат и насочат талентираните ученици.

Клучниот дел на Студиската програма на Одделот за музичка теорија и педагогија ја претставуваат предметни програми кои го воведуваат студентот темелно и по редослед во основите на музичката уметност. За наставата да биде на исклучително високо ниво, овие предметни програми (повторно во скоро сите земји со квалитетен образовен систем во светот) во минатото, но и сега ги предаваат композитори. Значењето на вклучувањето на композиторите во наставата е многу големо. Уште во минатото, на пример, по Втората светска војна основањето на сите најзначајни институции од областа на културата, музичката уметност го понесуваат композиторите. Имиња како: академик проф. Властимир Николовски, проф. д-р Драгослав Ортаков, проф. д-р Тома Прошев, проф. Томислав Зографски, проф. д-р Сотир Голабовски, проф. Михајло Николовски, но и следните генерации: проф. Благој Цанев, проф. Стојан Стојков, проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. д-р Томе Манчев, проф. Живоин Глишиќ, проф. м-р Гоце Коларовски, проф. м-р Јана Андреевска се само дел од композиторите и музиколозите кои покрај својата творечка

активност делуваат и како професори на Одделот за музичка теорија и педагогија. Најпрво мора да се спомене дека композиторите во повоеното време на нашата држава своето образование го стекнуваат во повеќе европски центри за потоа тие да го креираат музичкото образованието во нашата земја. Едукацијата на еден композитор е исклучително обемна и тешка, поаѓајќи од фактот дека тој треба да научи и сознае сѐ што е создадено од аспект на музичка креација во севкупното човеково постоење, како историски континуитет но и како конкретни видови, стилови, форми на творештво за оттука - па натаму тој да може да создаде нешто ново, сопствено, воедно создавајќи ја македонската музичка историја и иднина. Дел од овие знаења композиторите им ги пренесуваат на студентите на одделите за музичка теорија и педагогија преку повеќе предметни програми - хармонија, вокална и инструментална полифонија, музички форми со анализа, основи на оркестрација, хармонска анализа. Одделно секоја предметна материја навлегува длабоко во музичката креација, хармонија - јазикот, граматиката на музичкото творештво; вокална и инструментална полифонија - музичките говори на минатото кои обилно ја наоѓаат својата примена во сегашните музички стилови; музички форми со анализа - темелно и многу сериозно истражување и навлегување во мислата на еден творец, неговото творештво и неговиот печат врз севкупната музичка историја; познавање на музички инструменти со основи на оркестрација - применето знаење за сите инструменти и нивно користење од помали ансамбли па сѐ до симфониски оркестар, понатаму како сознанија кои наставникот по музичко образование може да ги искористи за формирање на репертоар на различни видови на ансамбли од учениците во основните училишта, мандолински оркестри, нивно конкретно вклучување во вештините на исполнителската уметност. Но, во студиската програма на еден наставник по музичко образование е вклучено и развивањето на многу други вештини кои помагаат за соодветно усовршување и разбирање на музиката воопшто, пијано - предавани од врвни пијанистички имиња од нашата земја, историја на музиката - предавани од музиколози, хорско диригирање и хор - предавани од страна на диригенти, што значи навистина квалитетна наобразба која не би можела ниту да се спореди со знаењето кое го стекнуваат наставниците дипломирани на Педагошкиот факултет.

Меѓу останатите сознанија кои идните наставници по музичко образование ги стекнуваат во текот на својата едукација и кои се од особено значење за нивната работа со учениците во основните училишта се развивање и зачувување на традицијата, културата и идентитетот, преку изучувањето на изведување на народни инструменти или пак специјализацијата покрај останатото и како музички теоретичар - педагог,

наставник по народни ора и песни. Студентите можат да изберат во текот на своите студии и хор и хорско диригирање, по што можат да основаат и водат хорови, но можат и да следат предмети на Одделот за џез и повторно да формираат ансамбли во основните училишта. Што значи, можат целосно да ги задоволат потребите за нови знаења, искуства и развивање на креативноста на сите млади умови на нашата земја.

Сите држави од секогаш се стремеле (без оглед на политичкото и религиозно уредување) образованието да го подобруваат и да создаваат услови за поквалитетно и секогаш постручно ниво. Според сѐ што е претходно наведено - доверувањето на наставата по музичко образование во петто одделение на дипломиран музички теоретичар - педагог ќе претставува еден успешен чекор кон постигнувањето на најважните образовни цели - квалитет, стручност и професионалност.

**Користена литература**


Бужаровски, Д. (1989). *Историја на естетиката на музиката*. Скопје: ФМУ.

Голабовски, С. (1999). *Историја на македонската музика*. Скопје: Просветно дело.

Коловски, М. (1993). *Сојуз на композиторите на Македонија 1947-1992*. Скопје: СОКОМ.

Љ. Ајдински. (2009). Кон развојот на инстутуционалната заштита, рехабилитација и образование на хендикепираните лица во Македонија, *Journal of special education and rehabilitation,* превземено на 5 февруари 2010 од http://jser.fzf.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&catid=50%3A2000-34&id=411%3A2009-08-08-19-32-07&Itemid=58

UDC: 371.12:78:[371.314.6:780.61/66 **м-р Викица КОСТОСКА-ПЕНЕВА**

# НАСТАВНИКОТ ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ КАКО ФАКТОР ЗА УСПЕШНО ИЗУЧУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Во современата музикологија голем број научни истражувања се занимаваат со придобивките од изучувањето музички инструменти кај децата од училишна возраст. Заеднички заклучок до кој се доаѓа во сите тие трудови е неопходноста од изучување и свирење музички инструменти од многу рана возраст, како значаен фактор во развојот на позитивните страни на личноста. Тоа се постигнува преку подобрување на концентрацијата, меморијата, самодовербата, интелигенцијата, когнитивните способности, креативната способност, јазичната способност, способноста за читање, социјалната интеракција, дисциплината и работните навики за успешно совладување на содржините во други области (Denora, 2001; Burnham, 2003; Kamenov, 1991; Nash, 1974; Marcel-Dubois, 1982; Bunt & Pavlicevic, 2001). Сето тоа им помага на децата во нивното успешно позиционирање во училиштето, општеството и воопшто во животот.

Во Македонија постојат повеќе форми на изучување музички инструменти, кои се наоѓаат надвор од системот на специјализираните музички институции, како што се музичките училишта и факултетите за музичка уметност.

Низата истражувања кои ги направивме непосредно во нашата средина и паралелно со проучувањето на состојбите во други земји, како и преку анализа на стручни трудови од оваа област, нѐ доведоа до заклучок дека веднаш по специјализираните музички училишта се наоѓаат **основните општообразовни училишта,** како најзначајни институции каде што се одвива процес на изучување музички инструменти. Во нив е опфатена целата млада популација во едно општество. Од тие причини, истражувањето на изучувањето музички инструменти во основните училишта е многу широко поле на податоци кое би требало да води кон следниве цели:

– согледување на состојбите;
– подобрување на квалитетот во работата.

## Предмет на истражувањето

Покрај другите чинители релевантни за оваа тема, како главна цел и воедно предмет на нашето истражување се определивме да ја утврдиме улогата на наставниците по предметот Музичко образование во процесот на изучување музички инструменти во основните училишта. Во текот на опсежното истражување, постојано ни се наметнуваше сознанието дека **индивидуалното залагање на наставникот** е еден од најважните фактори за успешноста на реализацијата на наставата.

Резултатите од истражувањето ги изложуваме преку компаративен методолошки пристап. Одредивме неколку важни аспекти и содржини на наставата по музички инструменти, а потоа го анализиравме влијанието на наставникот врз ефикасноста и реализацијата на тие сегменти од наставата.

## Содржини на наставата по музички инструменти

Според нашето истражување, главни содржини кои се однесуваат на наставата по музички инструменти во релација со улогата на наставникот се:

- улогата на наставникот во реализацијата на наставната програма;
- определбата на наставникот при изборот на музичките инструменти кои се изучуваат;
- влијанието на наставникот врз бројноста на учениците кои изучуваат музички инструменти;
- определбите на наставникот во изборот на програмата и музичките жанрови;
- успешноста на јавните настапи.

### *1. Улогата на наставникот во реализацијата на наставната програма*

Во државните основни училишта во Македонија, наставата по предметот Музичко образование, како и за другите предмети се одвива според наставните планови и програми на Министерството за образование.

Покрај останатите содржини, во овие програми е вклучена содржината **свирење детски музички инструменти**.

Свирењето детски музички инструменти (ДМИ) во основните училишта се одвива во два сегмента од наставниот процес:

- во редовната настава (задолжителна активност);
- во училишен оркестар (слободна активност).

*Редовна настава*

Во следнава табела може да забележиме во колкава мера е застапено свирењето на детски музички инструменти, според актуелната наставна програма за деветгодишно основно образование во рамките на редовната настава по предметот Музичко образование во текот на една учебна година.

***Табела 1. Часови за свирење ДМИ во основното образование***

| | I, II и III одделение | IV, V и VI одделение | VII, VIII и IX одделение |
|---|---|---|---|
| Свирење ДМИ во редовна настава | 4 часа | 8 часа | - |

Во прво и второ одделение свирењето ДМИ опфаќа работа со едноставни ритмички инструменти, како што се разни видови стапчиња, тропалки, чинели, барабанчиња, триангли и удиралки изработени од децата. Во овој период целта на наставата по музички инструменти е да се развие чувство за ритам кај учениците преку координирано пеење и придружба со тие инструменти. Во трето одделение, покрај споменатите, додаден е и ударен инструмент металофон, на кој децата треба да научат да изведуваат едноставни мелодии.

Во периодот од четврто до шесто одделение, во редовната настава се застапени мелодиските орфови инструменти: блок - флејта, ксилофон и металофон. Најраспространетиот од нив е блок-флејтата. За оваа намена е изработен прирачник за блок-флејта од авторите Анкица Витанова и Звонимир Атанасов.




***Слика 1. Прирачник за изучување блок - флејта за основните училишта***

Во последните три години од основното образование изучувањето ДМИ не е вклучено во наставата.

Што се однесува до улогата на наставниците во реализацијата на наставните програми во рамките на часовите по музичко образование, врз основа на нашето истражување, дојдовме до следниве резултати:

1.Во одделенската настава предметот Музичко образование го предаваат наставници со профилот - професор по одделенска настава или дипломирани педагози.

Со тоа тие се способни да ја изведуваат наставата до моментот кога се вклучуваат мелодиските ударни инструменти како што е металофонот, а потоа дувачкиот инструмент блок-флејта. За да можат да ја изведуваат наставата по овие инструменти, потребна им е дополнителна обука или соодветно музичко образование. Логично, од ова произлегуваат очекувани резултати кои покажуваат дека од сите основни училишта во Скопје во кои беше спроведено истражувањето, само во четири редовно и организирано се спроведува настава по музички инструменти од прво до четврто одделение. Во контактите со одделенските наставници тие го искажаа своето искуство дека наставата по музички инструменти ја водат со стручна помош од колегите наставници по музичко образование;

2. Во предметната настава предаваат наставници со завршен факултет за музичка уметност, најчесто од профилот музичка теорија и педагогија. Со тоа образование тие се подготвени да ја изведуваат наставата по музички инструменти, па од тие причини најсоодветна реализација на наставната програма во редовната настава има токму во рамките на предметната настава односно во петто и шесто одделение.

***Училиштен оркестар***

Вториот сегмент од наставниот процес по музички инструменти се одвива во рамките на училишните оркестри.

Оркестрите кои се формираат во склоп на музичките секции во основните училишта, претставуваат директна можност за изучување музички инструменти. Предвиден е фонд од 3 часа неделно, односно 108 часа годишно. Членувањето во оркестар за учениците претставува вонучилишна активност, додека за наставниците по музичко образование е дел од фондот на часови.

Нашето истражување ни покажа дека училишните оркестри се најзначајна форма на изучување музички инструменти во основните училишта.

И во оваа сфера индивидуалниот пристап на наставниците се одразува во реализацијата на програмата. Тоа може да се поткрепи со следниве податоци:

1. Дел од наставниците изведуваат настава повеќе од предвидениот фонд;
2. За разлика од нив во некои училишта воопшто не се изведува активноста училиштен оркестар. Од вкупниот број 54 државни основни училишта, училиштен оркестар има во 45 училишта, односно, 83%. Иако е тоа голем процент, сепак во останатите училишта не постои училиштен оркестар.

***2. Определбата на наставникот при изборот на инструментите кои се изучуваат***

Што се однесува до изборот на музички инструменти кои се изучуваат во рамките на училишните оркестри, овој проблем зависи од повеќе околности и фактори. Тоа се:

– наставните програми;
– опременоста на училиштето (поседување инструменти);
– инструменти во лична сопственост на учениците;
– изборот на наставникот.

Сепак, главен фактор при изборот на инструменти за составот на училишниот оркестар и тука е наставникот. Како илустрација за индивидуалниот пристап на наставниците во овој сегмент од наставата издвоивме неколку примери:

1. Првиот пример е Основното училиште „11 Октомври“.

Иако кај најголем број оркестри составот го сочинуваат сопран блок-флејти, во ова училиште се застапени сите видови блок-флејти, како што се: сопранино, сопран, алт, тенор и бас.




***Слики 2 и 3. Ученици од ОУ „11 Октомври“ на час по оркестар (комплетен состав блок-флејти)***

Тоа е резултат на долгогодишната работа и лично залагање на наставникот по музичко образование при собирањето на инструментите.

2. Како следен пример го посочуваме Основното училиште „Ј. Х. Песталоци“.

Ова училиште долга низа години, благодарение на личните заложби на наставникот по музичко образование, има оркестар со целосен жичен состав: мандолини, мандоли, гитари и контрабас. Придонесот на наставникот е дотолку поголем кога се знае дека во редовната настава учениците изучуваат блок-флејта, а жичените инструменти ги изучуваат во рамките на училишниот оркестар.






***Слики 4 и 5. Мандолински оркестар од ОУ „Песталоци“***

3. Третиот пример е Основното училиште „Тефејуз“.

Тоа е училиште во кое делува оркестар со народни инструменти. Станува збор за турскиот инструмент саз, кој по иницијатива на наставникот по музичко образование е интегриран во наставата во 1998 година, а подоцна и со помош на Министерството за култура на Република Турција се донирани инструменти за училишниот оркестар.



***Слика 6. Оркестар со народни инструменти - сазови ОУ „Тефејуз“***

### *3. Влијанието на наставникот врз бројноста на учениците кои изучуваат музички инструменти*

Следната работа што ја анализиравме беше бројноста на учениците во училишните оркестри. Во зависност од големината на училиштето, оркестрите се составени од 10 до 40 ученици. Со пресметување на бројот на ученици дојдовме до заклучок дека 1,7% од вкупната популација во основните училишта членува во оркестар. Тоа е навистина мал процент, но од аспект на уделот на наставниците кон таа состојба го имаме следново образложение.

Наставниците, членовите за оркестар ги регрутираат, пред сè, од:

- ученици кои веќе изучуваат музички инструмент преку друга форма на образование (музички училишта или приватни часови);
- ученици со повеќе изразени музички способности;
- ученици кои имаат желба да научат да свират и колективно да музицираат.

Се разбира тука останува голем дел од учениците кои можат, но од било која причина не членуваат во оркестар. Пред сè, тука се наведува преоптовареноста со другите наставни предмети. Конечно, тоа е активност по слободен избор и наставниците немаат систем да го наметнат членувањето во оркестар.

Инаку и во овој сегмент, најголем број членови во училишните оркестри има токму во оние училишта каде што наставниците со своето залагање и професионален однос ги запознаваат учениците, во рамките на редовната настава, за значењето и придобивките од свирењето музички инструменти.

Како позитивни примери ќе ги споменеме следните училишта: „11 Октомври“, „Песталоци“, „К. Ј. Питу“, „Димитар Миладинов“, „Тефејуз“, „Лирија“, „Коле Неделковски“ и др. Сите оркестри во овие училишта бројат над 30 ученици.

### *4. Определбата на наставникот во изборот на програмата и музичките жанрови*

Во однос на изборот на композициите кои се обработуваат во училишниот оркестар, тој зависи од неколку фактори:

- пропозициите на оркестарските смотри;
- програмската определба на училишните приредби;
- афинитетите на учениците;
- нивото на техничката подготвеност на изведувачите.

Сепак и во овој сегмент од наставата по музички инструменти најважна улога има наставникот, односно неговата креативност и подготвеност за изработка на дела со различни стилски и жанровски обележја и различна техничко-изведувачка тежина.

На репертоарот на училишните оркестри најчесто се среќаваат преработки на дела од класичната музика и тоа од периодот на музичкиот барок па сè до современа музика.

Преку обработки на народни песни, учениците се запознаваат со фолклорното творештво на својот и на други народи, а по желба на учениците се изведуваат и обработки на популарни песни од областа на домашната и странската поп - рок музика. Споменатите преработки и аранжмани за композициите од сите жанрови, најчесто ги прават наставниците.

Како илустрација ќе го наведеме изборот композиции со кои настапија училишните оркестри од четири скопски основни училишта на градските смотри, кои ги следевме за време на нашето истражување.

ОУ „11 Октомври“: - „Ејди Недо“ народна песна, увертира од операта „Вилијам Тел“ од Џоакино Росини и „Кога светците маршираат“ американска госпел химна.

ОУ „Димитар Миладинов“: - „На убавиот син Дунав“ од Јохан Штраус, „Валцер“ од Фредерик Шопен и „The Entertainer“ серенада.

ОУ „Тефејуз“: - „Misket“ (Џамлии), „Kalk gelin hanim“ (Стани невесто) и „Zeybek“ (Зејбек) турски народни песни.

ОУ „Цветан Димов“: - „Поточе“, „Bicikleta“ и „Kengas venies negjum“ албански народни песни.

## *5. Успешноста на јавните настапи*

Што се однесува до јавните настапи, особено се важни оние на училишните оркестри на општинските и градските смотри на хорови и оркестри, кои се одржуваат секоја година и имаат натпреварувачки карактер. На тие смотри се претставуваат и се оценуваат настапите на оркестрите, а преку тоа се оценува и работата на наставниците. За наставниците тие, секако, се можност за презентација на нивната работа и дополнителен мотив. Во текот на нашето истражување како наставници со највисоки постигнати резултати ги забележавме веќе споменатите примери во анализата на претходните сегменти од наставата.

**Заклучок**

Од изложените податоци, како генерален заклучок го изнесуваме ставот дека индивидуалната заложба и амбицијата на наставникот е најзначаен фактор за успешно изучување музички инструменти во основните училишта. Успехот и резултатите што ќе ги постигнат учениците во совладувањето на вештините и техниките на свирењето музички инструменти во голема мера зависи од методолошкиот пристап на наставникот и од неговото лично залагање.

Посебно важен заклучок кој оди во прилог на тврдењата на овој научен собир е дека е неопходно вклучувањето на дипломирани наставници по музичко образование во одделенската настава за соодветно запознавање на децата со ДМИ.

Исто така, како важно согледување се наметна потребата за создавање поцврст систем за организирање и работа на училишните оркестри, со цел да се поттикнат наставниците да се ангажираат повеќе.

На крајот, останува потребата за создавање поповолни услови во училиштата за поголема примена на музичките инструменти, односно практично музицирање.

**Користена литература**

Bunt, L., & Pavlicevic, M. (2001). *Music and emotion: perspectives from music Therapy*. Oxford: University Press.

Burnham, R. (2003). Perspective on performances for elementary-Level piano students, *American music Teacher,* June-July.

DeNora,T. (2001). *Aestetic agency and musical practice: new directions in sociology of music and emotion*. Oxford: University Press.

Kamenov, E. (1991). *Igre opažanja, metodički priručnik sa zbirkom igara*. Beograd: Nova Prosveta.

Nash, C., G. (1974). *Creative Approaches to Child Development with Music, Language and Movement*. Alfred Publishing Co., Inc.

Marcel-Dubiois, C. (1982). *Tradicionalna muzika raznih naroda, La musique, Les hommes, les instruments, les oeuvres*. Beograd: Librarie Larousse, 1980, & Vuk Karadžić 1982.

UDC: 371.12:78]:373.24

**м-р Дирона СОКОЛОВСКА**

# УЛОГАТА НА МУЗИЧКИОТ ПЕДАГОГ ВО КРЕИРАЊЕТО НА МУЗИЧКАТА СРЕДИНА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

## Вовед

Детските градинки во Македонија се установи за згрижување и воспитување на деца на возраст од осум месеци до шест години. Како установи во кои детето минува поголем дел од денот, тие ја имаат главната улога во севкупниот детски развој. Овие институции работат по детално осмислена и соодветна на возраста наставна програма (Основи на програмата за воспитно - образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки, 2007), која е втемелена врз стандардите за рано учење и развој кај деца на возраст од 0 до 6 години (Ран детски развој - стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години, 2008) поставени од страна на Владата на Република Македонија, како дел од стратегијата за развој на образованието на Р. Македонија (Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија, 2005-2015). Целта на овој програмиран образовен процес во предучилишното образование и воспитание е да се создаде психофизички здрава и интелектуално развиена единка.

Покрај повеќето наставни содржини и слободни активности, составен дел од предучилишното образование и воспитание е и музиката. Таа се практикува како наставна содржина со свои цели и задачи, но и како составен дел на сите активности за време на целодневниот престој на децата во градинката и е насочена кон создавање пријатна атмосфера, поттикнување позитивни емоции и ведро расположение кај децата. За креирањето на квалитетната музичка средина во детските градинки е задолжен музичкиот педагог.

Состојбата поврзана со невработеноста на музички педагози во детските градинки во последните години наведува на размислувања за можноста на споменатото позитивно делување на музиката врз развојот на децата во вакви услови. Законските регулативи не ги обврзуваат раководните лица на детските градинки да ангажираат музички, ликовен и друг стручен кадар. Според тоа, одговорноста и иницијативата за овој сегмент од образованието на децата е во рацете на локалните власти и менаџерските тимови на градинките. Непостоењето на законска обврска за вработување на музички педагози во последните години доведе до

намалување на стручниот музички кадар во градинките, а некаде и до целосно отстранување на ова работно место. Поради овие причини, може да се каже дека децата од детските градинки каде не се вработуваат музички педагози, не ги добиваат оптималните услови за нивниот психофизички развој.

Во Националната програма за развој на образованието на Република Македонија, 2005-2015 година, се истакнува дека: *„Раниот детски развој ќе претставува еден од приоритетите на Владата на Република Македонија а помошта од граѓанскиот сектор во реализација на оваа цел ќе биде драгоцена“*. Во истиот програмски документ, во делот за клучни подрачја за интервенција, инструменти и очекувани резултати, се вели: *„потребно е да се зголеми застапеноста на стручните соработници: музички, ликовен педагог и други стручни соработници, бидејќи нивниот број е незначителен“.*

Како резултат од согледувањата на состојбите во предучилишното образование, претставени во Националната програма за развој на образованието 2005-2015, веќе во 2007 година е усвоен програмскиот документ - „Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки“ („Службен весник на РМ“ 2007, бр.125:10), а во 2008 година се изготвени „Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години“. Овие програмски документи создадоа квалитетна теориска база за реализирање на воспитно-образовниот процес во детските градинки. Во однос на практичната реализација на зацртаните цели и содржини по предметот Музичко воспитание, нашите претпоставки се дека подобри услови за квалитетно спроведување на целите на музичкото воспитание нудат градинките каде работи музички педагог, отколку оние каде не работи, односно каде музичкото воспитание го реализираат воспитувачите на групите. Оттаму, цел на ова истражување е да ја претстави музичката средина во детските градинки преку согледување на количината и квалитетот на музичките стимули (воспримеаната и изведуваната музика, разните музички активности) за време на престојот на децата во градинката и улогата која ја има музичкиот педагог во креирањето на музичката средина во истите.

### Предмет на истражувањето

Предмет во ова истражување е споредба на музичката средина во детската градинка во која работи музички педагог и детската градинка во која тој не работи. Музичкото опкружување го согледавме преку мерење на количината на музички стимули кои ги примаат децата за време на целодневниот престој во градинката и преку согледување на

квалитетот на истите споредено со стандардите поставени во тогаш актуелната наставна програма за предучилишно воспитание и образование (Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование, 1982).

Двете категории - количината и квалитетот на музичките стимули како показатели за музичкото опкружување во детските градинки ги согледавме на следниов начин:

*Количината* на музичките стимули ја измеривме преку:

- мерење на времетраењето на поединечните активности поврзани со музиката;
- сумирање на поединечното и вкупното времетраење на секоја од овие активности во текот на една недела;
- приказ на фреквенцијата на појавата на музиката во активното време на престој во градинката.

*Квалитетот* на музичките стимули кои децата ги примаат за време на својот престој во градинката беше согледан преку неколку категории и тоа:

- вид, цел и намена на разните активности во кои се применува музиката;
- употреба на музички нагледни средства;
- опис на музичкиот материјал;
- појава на детски реакции како резултат на музичкото опкружување.

## Метод

Во истражувањето беше применет методот на набљудување. Набљудувањето беше изведено преку забележување на потребните податоци во база која претставуваше *протокол за набљудување*. Тој содржеше полиња за внесување на неколку податоци и тоа:

- почеток на активноста;
- крај на активноста;
- времетраење на активноста;
- број на учесници;
- тек на активноста (водена, слободна);
- улога на музиката во активноста (главна, помошна);
- вид на музичка активност (слушање, пеење, танцување, свирење, музичка игра, творење);
- цел на активноста (стекнување знаења, создавање навики и вештини, поттикнување расположение, релаксација, раздвижување);

- опис на музичкиот материјал (нов, стар);
- вид на музика (тип според изведбата, жанр, тематика);
- вид на музички нагледни средства;
- детски реакции (иницијатива, спонтани реакции).

***Популација***

Поради остварување на целта на истражувањето, споредба на музичкото опкружување на градинките во кои работи музички педагог, наспроти оние во кои не работи, беше избрана по една градинка-претставник на двете претставени категории на градинки и тоа:

1. Детска градинка „13 Ноември“ – РЕ „Јасмин“ во Општина Центар, каде вршител на должноста музички педагог е г-ѓа Ружица Биџовска (раководител на објектот „Јасмин“), а која дејноста на музички педагог ја извршува на доброволна основа;
2. Детска градинка „11 Октомври“- РЕ „Ташко Караџа“ во Општина Бутел, во која не е вработен музички педагог, ниту постои вршител на дејноста од редот на вработените.

Двете детски градинки поседуваат детски музички инструменти, пијанино и аудио и видео технички помагала.

***Време на истражувањето***

Истражувањето беше спроведено со следење на работата на групите во текот на една работна недела во следниве временски термини:

- Детска градинка „13 Ноември“- од 11 до 15 септември 2006 година;
- Детска градинка „11 Октомври“- од 18 до 22 септември 2006 година.

Набљудувањето беше извршено врз, во тогашно време, средната возрасна група кај двете истражувани градинки, која беше составена од деца меѓу 4 и 5-годишна возраст.

Набљудувањето се вршеше во занималните на овие групи од 7.30 до 15.30 часот, секој ден, и на просторот во кој децата престојуваа во текот на целата работна недела. Во пресметувањето на резултатите учествуваше само активното време на децата, од 7.30 до 12.30 часот и од 14.30 до 15.30 часот. Времето од 2 часа во кое децата одмораат не учествуваше во пресметувањата поврзани со времетраењето на музичките активности. Истражувањето беше изведено од авторот, а како поддршка во набљудувањето беше користена видеокамера, марка „канон“, тип УЦ - 8000, со чии снимки се вршеше подетална анализа на податоците.

## Резултати

Преку резултатите од истражувањето дознавме за количината и квалитетот на музичките стимули кои децата ги восприемаат преку разновидните музички и не-музички активности. Нив ги претставуваме за двете испитани градинки, паралелно. Заради прегледност на табелите, ќе користиме симболи кои ја означуваат соодветната градинка:

✓ - за детска градинка со музички педагог и
× - за детска градинка без музички педагог.

Сите резултати ќе бидат претставени во единица мерка за време-минути и во проценти.

### *Времетраење на музичките активности*

Во табелите бр. 1 и 2 се претставени резултатите добиени за количината на активности во кои учествува музиката претставени за секој ден од истражувањето, како и за вкупната количина во однос на неделниот активен престој на децата во детските градинки.

*Табела 1. Неделен распоред во минути*

| **неделен распоред во минути** | × | ✓ |
|---|---|---|
| понеделник | 51 | 212 |
| вторник | 23 | 146 |
| среда | 21 | 163 |
| четврток | 73 | 134 |
| петок | 107 | 107 |
| **вкупно** | **275 мин.** | **762 мин.** |

*Табела 2. Учество на музичките активности во вкупното активно време*

| **учество на музичките активности во вкупното активно време** | × | ✓ |
|---|---|---|
| активно време неделно | 1800 мин. | 1800 мин. |
| време со музички активности неделно | 275 мин. | 762 мин. |
| **процент на учество во вкупното активно време** | **15%** | **42%** |

Резултатите кои се однесуваат на квантитетот на музичките активности покажаа речиси трикратно подолго време минато со музика во детската градинка со музички педагог. На графиконот 1 е претставена фреквенцијата на музичките активности во дневниот распоред на времето.




***Графикон 1. Фреквенција на музичките активности во денот***

На графиконот е видливо дека музичкиот педагог востановил принцип музиката да ги дочекува децата при нивното пристигнување, со цел да ги расположи и ја поттикне нивната активност. Следното високо ниво кореспондира со највисоката точка на активност во дневниот биоритам на детето и се наоѓа на средина помеѓу двата оброка - меѓу 10 и 11 часот. По времето за одмор, музиката се користи за испраќање на децата.

***Насока, вид и цел на разните активности во кои се применува музиката***

*Насока на музичките активности:* Разните активности во кои учествува музиката можат да содржат инструктивни елементи или да бидат водени од едукатор кој во случајов е воспитувачот на групата или музичкиот педагог. Во истражувањето ги добивме следниве резултати за насоченоста на музичките активности:

***Табела 3. Насока на активноста***

| **насока на активноста** | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|
| водена од воспитувач | 67 мин. | 24% | 92 мин. | 12% |
| водена од музички педагог | / | 0% | 27 мин. | 4 % |
| слободна | 208 мин. | 76 % | 643 мин. | 84 % |
| **вкупно** | **275 мин.** | **100 %** | **762 мин.** | **100 %** |

Градинката со музички педагог посветува двојно повеќе време на инструктивниот елемент во музичките активности, отколку градинката без музички педагог. Тројно повеќе време заземаат слободните музички

активности кои подразбираат активности што децата ги восприемаат без одредени инструктивни насоки. Во оваа градинка се јавува и музичка активност водена од музичкиот педагог. Се работи за редовниот час по музичко воспитание кој се одржува еднаш неделно во траење меѓу 20 и 30 минути, а кој во градинката без музички педагог го одржува воспитувачот на групата. Овој час или наставна содржина е, всушност, фундаментот врз кој се гради музичката едукација на децата, но и на воспитувачите. Тие, ефектите од повеќегодишната работа на музичкиот педагог ги пренесуваат во секојдневната работа со децата во музичките активности. Затоа, улогата на музичкиот педагог во креирањето на музичката средина во градинките е повеќенасочна и далекусежна. Во табела 4 е претставен часот за музичка содржина со своите составни делови, одржан за време на ова истражување.

***Табела 4. Час по музичко воспитание во средната група***

| | × | ✓ |
|---|---|---|
| **место** | занимална | сала со пијанино |
| **време** | 9.15 - 9.38 | 9.33 – 10.00 |
| **траење** | 23 минути | 27 минути |
| **учесници** | деца и воспитувач | деца, воспитувач и музички педагог |
| **тема** | деца во градинка | есен |
| **активности** | разговор, слушање, пеење, танцување | вежби за распевање, слушање, пеење, разговор, танцување, драматизација |
| **композиции** | „Весели деца“ | „Жолти лисја”, „Есен” и „Плодови зрели” |
| **жанр** | детска фестивалска песна од „Поточиња 2005“ | детски дидактички песни со пијано придружба, компонирани од музичкиот педагог Ружица Бицовска |
| **нагледни средства** | касетофон | пијанино, кошници со есенски плодови, костими |

На часот по музичко воспитание, кој го водеше музичкиот педагог, забележавме увежбано хорско пеење. На пеењето му претходеа вежби за дишење и распевање, придружени со мануелно прикажување на тонската висина од страна на децата. За време на музицирањето кај

децата забележавме спонтано формирање на мелодија во терцен сооднос со изведуваната. Овој начин на пеење не беше посочен од музичкиот педагог, ниту се слушаше во инструменталната придружба и затоа го сметаме за показател на високото ниво на музички развој кај децата. Темата на активноста беше во корелација со другите наставни теми кои ја обработуваа есента како годишно време. Како нагледни средства беа користени костими во вид на плодовите на есента и кошници полни со овошје и зеленчук.

Особено впечатливо е што користените песни за есента се компонирани од музичкиот педагог Ружица Бицоска за која веќе кажавме дека оваа дејност ја извршува како дополнителна и на доброволна основа кон постојната - раководител на градинката. Таа е комплетен автор на две и автор на музиката во третата композиција. Во градинката во која веќе пет години не работи музички педагог, часот со музичка содржина го одржува воспитувачот на групата. На часот децата учеа да пеат песна од детски фестивал во која текстот ги обработуваше причините поради кои децата одат во градинка. Песната беше еднаш слушната, потоа повторена со пеење два пати и на крајот уште еднаш испеана со танцување. Часот не содржеше распевање ниту какви било инструкции за дишењето, импостацијата на гласот, тонските висини или ритамот.

*Вид на музичка активност:* Во детските градинки музиката се восприема преку неколку активности. Нивната избалансирана употреба е основа за сестрано музичко образование на најмладите. Во табелата ги претставуваме резултатите за примената на секоја музичка активност во текот на истражувањето.

***Табела 5. Вид на музичка активност***

| **вид на музичка активност** | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|
| слушање | 142 мин. | 52 % | 596 мин. | 78 % |
| танцување | 70 мин. | 25 % | 89 мин. | 12 % |
| пеење | 33 мин. | 12 % | 70 мин. | 9 % |
| музички игри | 30 мин. | 11 % | 5 мин. | 0.7 % |
| свирење | 0 | / | 2 мин. | 0.3 % |
| творење | 0 | / | 0 | / |
| **вкупно** | **275 мин.** | **100 %** | **762 мин.** | **100 %** |

Доминантна активност е слушањето музика, која често се применува во пасивна форма или како фон на другите активности. Големата примена на слушањето музика во градинката со музички педагог го сметаме за поволна појава, бидејќи на секое квалитетно музичко образование треба да му претходи долго време на слушање.

*Цел на музичките активности:* Принципот на создавање пријатна атмосфера и расположение е, всушност, одраз на главната цел на музичкото воспитание во предучилишните установи - „да се создава ведро расположение, интерес и љубов кон музиката и нејзините изразни средства“ (Програма, 1982). Денес ведрото расположение и позитивната атмосфера се сметаат за основа на успешниот едукативен процес, но и услов за здрав психофизички развој на децата. Поради овие причини ги претставуваме и целите кон кои била насочена музичката активност.

***Табела 6. Цел на музичката активност***

| **цел на музичката активност** | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|
| создавање расположение | 97 мин. | 35 % | 571 мин. | 74 % |
| раздвижување | 62 мин. | 23 % | 89 мин. | 12 % |
| релаксација | 68 мин. | 25 % | 60 мин. | 8 % |
| стекнување знаења | 28 мин. | 10 % | 42 мин. | 6 % |
| создавање вештини | 20 мин. | 7 % | / | / |
| **вкупно** | **275 мин.** | **100 %** | **762 мин.** | **100 %** |

Резултатите покажуваат доминантно учество на музиката во создавање ведро расположение во градинката со музички педагог. За жал, во другата испитана градинка овој принцип сè уште не се применува.

***Употреба на музички нагледни средства***

Во следните табели се дадени податоците за количината и видот на нагледни средства кои се применуваат во работа на музичките активности:

***Табела 7. Примена на нагледни средства***

| **примена на нагледни средства** | × | ✓ |
|---|---|---|
| ДА | 81% | 96% |
| НЕ | 19% | 4% |
| **вкупно** | **100 %** | **100 %** |

***Табела 8. Нагледни средства***

| **нагледни средства** | × | ✓ |
|---|---|---|
| ЦД - плеер | / | 56% |
| касетофон | 60% | 4% |
| радио | 40% | 31% |
| музички инструменти | / | 9% |
| **вкупно** | **100%** | **100%** |

Градинката со музички педагог е повеќе опремена со нагледни средства. Таа поседува ЦД - плеер, касетофон и поголем број на музички аудио, видео и дигитални записи и детски музички инструменти. Овие се заедно сместени во „музичко катче“, кое е секогаш на располагање на децата. Тие често му пристапуваат поради остварување на некоја своја „музичка“ желба.

***Опис на музичкиот материјал***

Пропишаните стандарди за музиката која се применува во образованието на најмладите налагаат користење на разновиден по тип и жанровски изедначен музички материјал. Препорачани жанрови се уметничката, детската, музиката од матичниот фолклор и од светската музичка литература. Овој репертоар треба да придонесе за естетскиот развој на децата. Во следните табели се дадени сите аспекти кои се однесуваат на музичкиот материјал применет за време на истражувањето.

*Број на композиции*: За време на истражувањето ги сумиравме композициите кои беа слушани или изведувани од страна на децата во градинките.

***Табела 9. Број на презентирани музички нумери во траење меѓу 1 и 5 минути***

| | × | ✓ |
|---|---|---|
| **музички нумери во траење меѓу 1 и 5 минути** | 79 | 202 |

***Табела 10. Изведувачки состав***

| **изведба** | × | ✓ |
|---|---|---|
| вокално-иструментална | 81% | 65% |
| иструментална | / | 30% |
| вокална | 19% | 5% |
| **вкупно** | **100%** | **100%** |

Сите композиции беа во траење меѓу една и пет минути. Нивниот број е скоро трикратно поголем во градинката со музички педагог.

*Изведувачки состав:* Резултатите во табелата 10 укажуваат дека инструменталната музика, воопшто, не се слуша во градинката без музички педагог. Во наредните табели ги прикажуваме поединечно формите применети во секој од трите типа на музика.

***Табела 11. Вокална музика***

| **вокална музика** | × | ✓ |
|---|---|---|
| пеење песни | 21 мин. | 9 мин. |
| музички игри | 30 мин. | / |
| песни за утринска гимнастика | / | 22 мин. |
| ритмички обрасци за играње оро | / | 2 мин. |
| хорска музика | | 3 мин. |
| **вкупно** | **51 мин.** | **36 мин.** |

Во вокалниот тип на музика се забележува користење на музички игри со пеење кои се користат само во градинката без музички педагог. Се работи за традиционални бројалки, кои децата ги пеат додека се вртат во круг фатени за раце.

***Табела 12. Инструментална музика***

| **инструментална музика** | × | ✓ |
|---|---|---|
| уметничка (класична) музика | / | 201 мин. |
| инструментални народни ора | / | 26 мин. |
| **вкупно** | / | **227 мин.** |

Според резултатите од истражувањето класичната или уметничката музика зазема доволно простор во градинката со музички педагог. Од авторите на овој вид музика, децата најмногу сакаат да ги слушаат делата на Моцарт, Ј. Штраус, а при слушањето на оваа музика имаат создадено навика да слушаат со внимание. Особено голем интерес децата покажуваат кон играњето на традиционалните народни ора. Тие ги знаат основните чекори и често изразуваат желба за ваков вид музика кога сакаат да се раздвижат.

***Табела 13. Вокално-инструментална музика***

| **вокално-инструментална музика** | × | ✓ |
|---|---|---|
| песни од радио станици | 90 мин. | 235 мин. |
| песни од детски фестивали | 134 мин. | 232 мин. |
| детски песни со пијано придужба | / | 32 мин. |
| **вкупно** | **224 мин.** | **499 мин.** |

Најчесто користен тип според изведбата е вокално-инструменталната музика. Резултатите од истражувањето покажаа дека најголем процент на слушаната вокално-инструментална музика потекнува од радиостаниците и детските фестивали. И овој тип музика е двојно повеќе застапен во градинката со музички педагог.

*Изучување на нов музички материјал*: Во табела 14 се прикажани податоци за тоа во колкава мера на децата им се презентира нов музички материјал.

***Табела 14. Опис на музичкиот материјал***

| **опис на музичкиот материјал** | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|
| презентација на нов материјал | 113 мин. | 41% | 471 мин. | 62% |
| повторување на познат материјал | 162 мин. | 59% | 291 мин. | 38% |
| **вкупно** | **275 мин.** | **100%** | **762 мин.** | **100%** |

Презентацијата на нов музички материјал е четирикратно поголем во градинката со музички педагог.

*Потекло на новиот музички материјал:* Во табела 15 е даден детално новиот материјал со кој децата се запознаваа во текот на неделата на истражувањето.

***Табела 15. Презентација на нов музички материјал***

| **презентација на нов музички материјал** | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|
| радиостаници | 90 мин. | 80% | 230 мин. | 49% |
| ЦД- класична музика | / | / | 207 мин. | 44% |
| ЦД- инструментални народни ора | / | / | 23 мин. | 5% |
| ЦД- музички дидактички материјал | / | / | 11 мин. | 2% |
| ЦД- детски фестивали | 23 мин. | 20% | / | / |
| **вкупно** | **113 мин.** | **100%** | **471 мин.** | **100%** |

Радиостаниците како пренесувачи на нов музички материјал се најчесто присутни како фон на другите активности, а децата овој материјал го примаат пасивно. Класичната и народната музика се секогаш следени со внимание од децата во градинката со музички педагог. За жал, децата од другата градинка се среќаваат со нова музика само преку радиото или касета од некој детски фестивал кој дотогаш не бил слушан.

*Музички жанрови*: Во табела 16 ја претставуваме сумирано сета користена музика според жанрот на кој припаѓа.

***Табела 16. Музички жанрови***

| **музички жанрови** | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|
| детска фестивалска | 134 мин. | 49% | 232 мин. | 30% |
| детска дидактичка | 41 мин. | 15% | 55 мин. | 7% |
| поп | 90 мин. | 33% | 212 мин. | 28% |
| новокомпонирана (етно-поп) | 10 мин. | 3% | 20 мин. | 3% |
| народна | 0 | / | 36 мин. | 5% |
| уметничка | 0 | / | 207 мин. | 27% |
| **вкупно** | **275 мин.** | **100%** | **762 мин.** | **100%** |

Разновидноста на музичкиот материјал придонесува за градење на музичката култура и за развивање на естетското чувство кај децата. Според резултатите од истражувањето, градинката со музички педагог применува разновидна музика каде доминираат детската, уметничката и поп-музиката. Градинката без музички педагог применува само детска, поп и етно-поп музика.

Ваквата ситуација е условена од недостаток на нагледни средства, помошни дидактички материјали и сиромашна фонотека составена од две аудио касети од детски фестивали.

### ***Појава на детски реакции како резултат на музичкото опкружување***

Последниот сегмент од истражувањето се смета за најважен показател за успешноста на музичкиот педагог во креирањето на музичката средина во детските градинки. Главната цел на музичкото воспитание во градинките е: „да создаде љубов и интерес кон музиката“. Во нашето истражување сметавме дека остварувањето на оваа цел зависи од субјективните реакции на децата кон музиката – нивната иницијатива за музички активности и појавата на спонтани реакции кај нив како производ на богатата музичка средина.

*Иницирање на музичките активности*: Во табелата е претставено времетраењето на музичките активности кои за време на истражувањето биле иницирани од страна на децата или воспитувачот.

***Табела 17. Иницирање на музичките активности***

| **музичката активност започнала по иницијатива на:** | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|
| воспитувачот | 253 мин. | 92% | 628 мин. | 82% |
| децата | 22 мин. | 8% | 134 мин. | 18% |
| **вкупно** | **275 мин.** | **100%** | **762 мин.** | **100%** |

Во градинката со музички педагог шест пати повеќе минути на музички активности се одржани по иницијатива на децата. Во оваа градинка многу често децата бараат да играат оро, да изведат танц со кореографија под водство на воспитувачот, да цртаат со придружба од музика како фон или само да се раздвижат во ритамот на некоја брза песна. Во градинката без музички педагог децата побарале музика од детски фестивал како фон при цртањето на цртежи и при играње со играчки.

*Детско спонтано изразување низ музика*: Во табелата е дадено вкупното траење на музичките активности кои произлегле како спонтано детско изразување.

***Табела 18. Спонтано детско изразување***

| **спонтано детско изразување** | × | ✓ |
|---|---|---|
| број на минути неделно | 10 мин | 127 мин |
| **застапеност во вкупното време со музички активности** | **4%** | **17%** |

Спонтаното детско изразување е одраз на подолготрајна изложеност на децата на квалитетно музичко опкружување. Според резултатите, децата во градинката без музички педагог пројавиле спонтани музички реакции само во еден наврат. Се работи за спонтано потпевнување на песна од етно-поп жанрот, при цртањето цртеж со боици.

*Форми на спонтани детски реакции на музика*: Во табела 19 се претставени застапеноста и времетраењето на различните форми на спонтано детско музичко изразување.

***Табела 19. Форми на спонтани детски реакции на музика***

| **музички активности** | × | | ✓ | |
|---|---|---|---|---|
| играње оро | / | | 45 мин. | 35% |
| свирење детски музички инструменти | / | | 36 мин. | 28% |
| танц на музика од Моцарт | / | | 22 мин. | 18% |
| танц на детски песни | / | | 15 мин. | 12% |
| танц на поп музика | / | | 9 мин. | 7% |
| пеење на етно-поп песна | 10 мин. | 100% | / | / |
| **вкупно** | **10 мин.** | **100%** | **127 мин.** | **100%** |

Во градинката во која работи музички педагог, спонтаното детско музичко изразување се јави доста почесто и во повеќе форми во споредба со градинката во која не работи музички педагог. Особено омилена активност на децата беше спонтаното колективно играње оро и тоа во секоја ситуација кога децата ќе слушнат традиционална музика.

## Заклучоци

Резултатите од истражувањето посочија повеќе елементи кои придонесуваат за оптимален психофизички развој на децата кои ја посетуваат градинката во која работи музички педагог. Во оваа градинка резултатите покажаа:

1. Примена на музичките активности во 42% од вкупното активно време;
2. Трикратно повеќе минато време со музички активности отколку во градинката без музички педагог;
3. Висока музичка обученост на воспитувачкиот кадар;
4. Разновидна и повеќенаменска употреба на музиката во градинката;
5. Богат фонд и примена на нагледни средства и дидактички материјали;
6. Содржински богат и професионално воден час со музичка содржина;
7. Жанровска и содржинска разновидност на музичкиот материјал;
8. Примена на уметничка, традиционална и инструментална музика;
9. Поттикнување на иницијативата и креативноста на децата за спонтано музичко креативно изразување;
10. Постоење музичко катче наменето за децата.

Имајќи ги предвид овие резултати, може да се заклучи дека музичкиот педагог е клучен фактор во креирањето квалитетна музичка средина во детските градинки. Во таа смисла, сите аспекти на истражувањето посочуваат на важноста од ангажирањето на стручно оспособен музички кадар во системот на предучилишно воспитание и образование. Само овој кадар може потполно да ги реализира барањата од наставната програма и да даде квалитетен придонес кон правилниот психофизички развој и градење позитивни квалитети на детската личност. Улогата на музичкиот педагог во раното образование добива на значење и преку истражувањата на еминентниот научник Едвин Гордон, кој докажал дека музичките способности кај детето доживуваат прогресивен развој во неговите најрани години од детството, а се стабилизираат на ориентациона возраст од 9 години (Gordon, 2003). Со тоа, работата на музичкиот педагог врз создавање на квалитетна музичка средина во детските градинки добива многу поодговорна улога и упатува на неопходност за поитно менување на кадровската политика во градинките преку вработување на доволен број музички педагози, со што ќе се придонесе кон креирање на образовна политика во Република Македонија, насочена кон задоволување на правата на децата за квалитетен живот и образование по пример на развиените земји.

**Користена литература**

Gordon E. E. (2003). *Learning sequences in music: skill, content and patterns*. Chicago: GIA Publications inc.

*Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија, 2005 - 2015*. (2005). Скопје: Министерство за образование и наука на РМ. http://www.npro.edu.mk/dokumenti/strategija-mk.pdf

*Основи на програмата за воспитно-образовна работа во јавните детски установи и детски градинки*. (2007). Скопје: Службен весник 125/2007. http://80.77.144.32/2007/5F9E56D97C545F47A285E05551FE31DE.pdf

*Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование*. (1982). Скопје: Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието.

*Ран детски развој - стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години*. Скопје: Министерство за труд и социјална политика на РМ. www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ELDS%20mac%20za%20OG.doc

UDC: 372.878(497.7)

**м-р Ленче НАСЕВ**

# ПРЕДМЕТОТ МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РАМКИТЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Основното образование во Р. Македонија е задолжително. Според Законот за основното образование во „Службен весник на Република Македонија“ број 103 од 19.8.2008 година, тоа трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа: од I до III, од IV до VI и од VII до IX одделение. Започнувајќи од својата шеста година детето активно се вклучува во долготраен и плански процес, преку кој стекнува систематизирани знаења од разни области вклучувајќи ја и музиката.

Музичкото образование како задолжителен предмет е застапен во сите одделенија од I до IX одделение. Со воведувањето на Концепцијата на деветгодишно образование (2007), предвидено е овој предмет да се изучува од I до V одделение со два часа неделно, додека од VI до IX одделение со еден час неделно. Притоа, во Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование (2007) можеме да сретнеме податок со кој е предвидено најголем дел од наставата да ја изведува одделенскиот наставник, додека во училиштата каде има услови во V одделение да се вклучат предметни наставници по музичко, ликовно и техничко образование. Во тој случај учениците во вториот период од деветгодишното образованието (од IV до VI одделение) постепено ќе се запознаваат со нови предметни наставници од уметничкото подрачје. Со тоа би се спровеле и дел од целите на основното образование со кои е предвидено на учениците да им се овозможи да усвојат систем на знаења и вештини за независно, ефикасно и креативно делување во општествената и природната околина.

Предметот Музичко образование има значајна улога во духовниот развој на младата личност и не е привилегија само на надарените ученици. Не треба да се занемари фактот дека музиката покрај тоа што е уметност е и многу важна социјална компонента која има огромно влијание врз оформувањето на животниот стил, облекувањето како и начинот на однесување на индивидуата.

Досега се направени бројни истражувања во светот кои го докажуваат влијанието на музичкото образование врз креативноста, позитивните емоции, самостојноста, тимската работа и одговорноста на учениците. Па така, Комисијата за приемни испити од САД (College Entrance Examination Board) открива дека учениците кои посетувале

часови по музичко образование постигнуваат подобри резултати во изучување на странски јазици и математика отколку оние кои не посетувале (Stephens, 2003). Министерството за образование во САД (U.S. Department of Education) при истражување спроведено во 25.000 средни училишта открива дека учениците кои биле вклучени во музичка програма постигнале многу подобри резултати по предметот Математика, отколку останатите ученици (Stephens, 2003). Овие студии, како и останатите, имаат пронајдено дека изучувањето на музиката им помага на учениците во развивањето на говорните вештини и меморијата (Sheftel, 2002). Музиката воведува повисоко ниво на мислење и покрај тоа што не се чини дека е така. При слушање на музика се користи десната хемисфера на мозокот. Кога ученикот почнува да ја чита музиката, да го учи ритамот и нотите ја користи и левата хемисфера, која се користи и во математиката (Dickinson, 1993). Музиката е корисна и при изучување на странските јазици. Во училиштето Хортон (Horton School) во Сан Диего музиката била интензивно користена при двојазично изучување на шпански и англиски јазик.

Музичкиот развој е тесно поврзан со емоциите и слухот, почнувајќи од одделните звуци, па сè до музичката целина. За да се постигнат одредени цели кои се поставени со наставната програма, наставникот треба да земе предвид дека секој ученик е единка. Тој со правилна работа може да развие одредени музички способности кај нив. Најосновно во музиката е да се развие слухот, што се постигнува преку музицирање и активно слушање на музика. Покрај слухот, пеењето, ритамот, бојата, темпото, динамиката ученикот треба да ја развие и музичката меморија како неопходност за паметење на поголеми музички дела. За да можат сите овие елементи да се усвојат со разбирање и интерес, потребни се и основни познавања од музичката теорија, како и историја на музиката. На тој начин, во текот на основното образование учениците учат да ја слушаат, читаат, пеат, свират и доживуваат музиката.

Јас како дел од образовниот процес - предметен наставник по музичко образование во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип (2001-2009 година) можев да воочам дека не постои ученик кој не ја сака музиката и не сака да пее. Учениците од петтите одделенија (осумгодишно образование), кои за прв пат се сретнуваа со мене како наставник по овој предмет, изразуваа желба да отпеат песна по нивен избор. При индивидуалната интерпретација, видлива беше возбудата и чувството дека исполнуваат важна задача. Секој мој коментар поврзан со пеењето им беше од големо значење. Воедно тоа беше и еден од начините преку кој јас откривав дел од нивните музички способности. Но, за жал, кај поголемиот број ученици интерпретацијата

се сведуваше на имитирање на движењата на популарните пејачи, додека пеењето беше на ниво на гласно ритмичко говорење блиску до викање, со чести варијации во интонацијата. Па така, песните претежно го откриваа нивниот неразвиен опсег на гласот. Ваквата состојба се должеше на фактот што, за жал, кај најголемиот број ученици отсуствуваа елементарните пејачки навики, како: правилниот пејачки став, правилното земање на воздух на одредени места во фразите, импостацијата на гласот, правилната дикција и пеењето со умерена јачина. Воочувајќи ги неправилностите со континуирана работа на часовите, одредени ученици го развиваа опсегот на гласот. Се разбира, предметот Музичко образование освен пеење опфаќа и други програмски теми: основи на музичката писменост, свирење на детски музички инструменти, слушање музика, музичко изразување и творење, народно музичко творештво, музички форми. На мене, како наставник, ми беа потребни повеќе месеци работа за да ги поставам основите по овој предмет. Притоа, без тенденција за навреда на работата по предметот Музичко образование на одделенските наставници, видлива беше потребата за вклучување на стручен наставник по овој предмет уште во одделенска настава.

Ако повторно се навратиме на Законот за основното образование во член 42, став 6, ќе забележиме дека стои: ***наставата во V одделение продолжува да ја изведува наставник по одделенска настава или педагог, освен за наставата по англиски јазик и за наставата по македонски јазик за учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја остваруваат на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, а по природни науки и техничко образование се вклучуваат и предметни наставници***. Од овде јасно се гледа дека во петтите одделенија од деветгодишното образование отсуствува вклучувањето на предметните наставници по музичко образование. Доколку навистина се спроведе, овој став од Законот за основно образование наставничкиот кадар по музичко образование ќе се судри со намалување на фондот на часови. Притоа, вклучувањето на предметен наставник по музичко образование дури во VI одделение од деветгодишното образование, со само еден час неделно, ќе резултира со затајување на вистинскиот придонес на стручниот кадар за правилен развој на младата популација. Одовде произлегува потребата за апел кон сите надлежни кои водат грижа за квалитетот на воспитно-образовниот процес на учениците, во рамките на наставните планови и програми да се спроведе делот од Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), во кој е предвидено во V одделение да се вклучат и предметни наставници по музичко образование.

За крај да посочиме дека музиката во основното образование е составен дел од образовниот и воспитниот процес на децата со посебни потреби. Таа кај овие ученици влијае врз ослободување на внатрешната психолошка напнатост, на релаксацијата, на стекнувањето позитивни емоции, како и создавање на пријатно расположение, другарување и комуницирање. Музиката ги поттикнува нивните интелектуални способности: внимание, интерес, волја, мисловна функција, придонесувајќи за подобра социјална адаптација. Имајќи го сознанието, позитивното влијание на музиката врз развојот на децата со посебни потреби, ни дава повод за размислување кое води кон изнаоѓање на решение за вклучување на стручно оспособени музички кадри во воспитно-образовниот процес уште во одделенската настава.

**Користена литература**

Dickinson, D. (1993). *Music and the Mind*. MENC, извадено во јануари 2010 од:http://childparenting.about.com/gi/dynamic/offsite.htm?zi=1/XJ&sdn=childparenting&cdn=parenting&tm=12&f=10&su=p974.2.168.ip_p284.9.336.ip_&tt=2&bt=0&bts=1&zu=http%3A//www.newhorizons.org/strategies/arts/dickinson_music.htm

ЗАКОН ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 103 од 19. 8. 2008 година, превземено на 24 декември 2009 од: www.mon.gov.mk

Kojov-Bukvic, I. (1989). *Metodika nastave muzickog vaspitanja*. Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva.

Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, февруари 2007, *КОНЦЕПЦИЈА за деветгодишно основно образование и воспитание*. Скопје, превземено на 24 декември 2009 од: www.bro.gov.mk

Петров Р. (1999). *Третман на тешко ментално ретардирани лица*. Неготино: ГТУП Спектар Ас.

Stephens, D. (2003, August 27 California). The Birthplace of Napster, the IPod and the Sounds of Santana and the Grateful Dead Leads the Nation in Cuts to Music Education in The Public Schools. Необјавен труд.

Sheftel, B. (2002). *Music Education Curriculum in Public Schools*. PageWise.

UDC: 372.878(497.722) **Лариса ЖУЛИНА – МИТЕВСКИ**

# УЛОГАТА НА МУЗИКАТА ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

**„*Биди нашиот спасител, музико*“**
**Н.В.Гогољ**

Во кривопаланечкото подрачје воспитно-образовната дејност ја вршат две основни училишта и девет нивни подрачни единици, во следниве планински села: Огут, Нерав, Жидилово, Узем, Дурачка Река, Станци, Дубровница, Подржикоњ и Луке. Тоа е состојба на ограничени можности за културен и духовен развој, поради недостаток од библиотеки, театри, концертни сали, музеи, а освен тоа, не секој родител има услови да ги носи децата во поголемите градови каде што има повеќе можности за допир со уметноста. Затоа, улогата на наставникот по музичко образование станува уште позначајна во воспитно-образовниот процес.

Под влијание на музиката се формира естетски вкус и ориентациона вредност кон уметничката сцена во светот. Музиката е во функција на развојот на способностите за естетски размислувања и контемплација. Музиката не е само чувство. Во процесот на музичката активност може да се запознаеме со историските епохи и личности, да учиме од најдобрите примери во поезијата, книжевноста, па дури и од некои математички и физички концепти поврзани со звукот, со што ги прошируваме нашите хоризонти на познавањето на светот и себеси.

Музиката е совршено единство на духот и материјата. Таа наведува на слушање, создавање, размислување, творење, мечтаење. Постои естетски, когнитивен и образовен каузалитет (причинско-последична врска) во развојот на улогата на музиката во оформувањето на личноста. Естетската улога на музиката е да ја подигне естетската и етичката чувствителност и одговорност. Чувствата на радост и тага, болка и задоволство, надземно, херојско и профано, убаво и грдо, односно она што се практикува да се преточи во музика. Овде музиката има когнитивна улога.

Улогата на часовите по музика е одредена од уметничкиот и творечкиот карактер на музичките активности, чија цел е поттикнување и развивање на самоизразувањето и самосоздавањето. Музиката им помага на децата да го насочуваат и развиваат своето размислување - имагинативно и логично, апстрактно и конкретно. Музиката создава чувство за ритам и хармонија, набљудување, меморија, имагинација, вокален апарат и фини моторни движења, односно изведувачка техника. Музиката има можност

волшебно да помогне во душевниот развој на децата, да разбуди емоции и да обезбеди интелектуален раст.

Според Кант, „*Уметноста е на патот кон науката*”.

Главна задача на наставникот е да поттикне создавање на свест и чувство кај учениците, дека музиката е составен дел од нивниот живот. Целта на уметноста е да се исполнат овие потреби за обезбедување на идеолошка, духовна, морална и емоционална вредност.

Вредноста на музиката во образованието на духовен план на личноста била признаена од страна на музичките творци. Така, италијанскиот композитор и музички теоретичар на ренесансата Џозефо Царлино имал мислење и тврдел дека музичката уметност е способна за изразување на универзална хармонија, како во светот, така и во човекот. Во својот трактат „Основи на хармонијата“ во поглавјето *За каква цел е неопходно да се учи музиката?*, тој напишал: „*Музиката не треба да се изучува како неопходна наука, туку како слободен и достоинствен предмет, кој овозможува да се постигне добро и пристојно однесување, што води кон добар морал*“. Георг Фридрих Хендел сакал неговата музика да не биде само поради забава, но со нејзиното влијание луѓето да станат подобри. Истото го забележал и Бетовен, кој велел: „*Музиката треба да го разгори огнот на човечката душа*“.

Имајќи ја во предвид сложеноста на целите и задачите во процесот на музичкото образование на децата, сметам дека часовите по овој предмет од прво до четврто одделение не треба да се прифатат само како термин за релаксирање, забава или одмор, туку првостепено како училиштен предмет, кој на детето ќе му ги отвори вратите кон вистинските вредности, естетиката, етиката и кој ќе обезбеди правилен емоционален и душевен развој.

Се залагам часовите по музичко образование и на оваа категорија ученици (од прво до четврто одделение) да им се доверат на музичките педагози, кои како стручни лица, се квалификувани пораките суптилно проткаени во музичките композиции да им ги пренесат на децата, развивајќи ја на тој начин нивната способност за асоцијации, размислување и фантазија.

Часот по музичко образование е постојана креативна интеракција помеѓу музиката – наставникот – учениците, меѓу композиторот – изведувачот –слушателот. Со текот на годините, наставникот одржува илјадници часови и за секој мора да биде внимателно, сериозно подготвен, за учениците да развијат естетски, префинети чувства за убавото и да одат на час со задоволство и радост.

Кај нас во училиштето најчесто часовите по хор и оркестар се во последните часови (седмиот или осмиот час), кога децата се уморни и

брзаат да се вратат дома, а часот не е задолжителен и затоа од наставникот се бара напорна, професионална работа, концентрација, флексибилност, позитивен однос кон учениците, висока подготвеност (тука се мисли на успешен избор на репертоар, на поставените, во соработка со учениците, блиски и далечни задачи-учество на натпревари, концерти, приредби, фестивали, гостувања, средби со композитори, изведувачи). Распоредот на планираните настапи и нивното реализирање е направен во соработка со моите ученици и е прикажан во долу наведената табела 1:

***Табела 1. Планирање на сценските настапи на оркестарот***

| бр. | каде | кога | број на композиции | број на учесници | реализирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Куманово - Државен натпревар хорови и оркестри | април 2009 | 3 композиции | 55 ученици | успешно |
| 2 | Крива Паланка - Патронат на ОУ„Илинден“ | мај 2009 | 3 композиции | 65 ученици | успешно |
| 3 | Скопје - Дом на армија | јуни 2009 | 2 композиции | 55 ученици | успешно |
| 4 | Свети Николе - Дом на култура | август 2009 | 14 композиции | 55 ученици | успешно |
| 5 | с. Мождивњак - ПОУ„Илинден“ | септември 2009 | 5 композиции | 27 ученици | успешно |
| 6 | Кратово - Дом на култура | септември 2009 | 17композиции | 55 ученици | успешно |
| 7 | Крива Паланка - Дом за лица со посебни потреби | октомври 2009 | 17композиции | 17 ученици | успешно |
| 8 | Крива Паланка - Детска градинка | ноември 2009 | 2 композиции | 25 ученици | успешно |
| 9 | Скопје фестивал | декември 2009 | 4 композиции | 55 ученици | успешно |

Во мојот оркестар членуваат околу 65 ученици од двете села и од Крива Паланка. Не секој ученик има големи музички способности, но јас се трудам секој од нив да постигне максимален успех.

Сега, јас би сакала да ви претставам фрагмент од еден настап на училишниот оркестар, за кој зборував претходно: Даргомижски „*Казачок*“.

Се запознавте со мојот оркестар и би било интересно да ги проследиме коментарите на моите ученици:

Тамара, 11 години (V одделение) с. Конопница: „Јас свирам во оркестарот само 5 месеци, но веќе на мојата блок-флејта можам да отсвирам многу песнички за мојата фамилија“.

Теодор, 11 години (V одделение) с. Мождивњак: „Во оркестарот свирам на гитара, а кога ќе научам повеќе работи ќе имам свој бенд“.

Лилјана, 14 години (VIII одделение) с. Конопница: „Во оркестарот јас свирам веќе четврта година и најмногу сакам да ги гледам настапите на нашиот оркестар кога ги даваат на ТВ. Заедно со моите родители пред телевизорот се радуваме и се чувствувам многу убаво“.

Ангела, 12 години (VI одделение) с. Конопница: „Најмногу ги сакам нашите проби, затоа што секогаш учиме нешто ново и се договараме за идните концерти и патувања“.

Бојана, 14 години (VIII одделение) с. Мождивњак: „Летото ни беше многу динамично - со нашиот оркестар настапивме во Скопје во Домот на армијата, во Домот на културата во Свети Николе и Кратово. Имам и фотографии - ќе ги чувам за спомен“.

Иван, 14 години (VIII одделение) с. Мождивњак: „Многу се радувам кога од наставничката и нашите музички новинари добивам електронска пошта со фотографии од нашите концерти, натпревари и гостувања!“.

Музиката во основното образование е основа на процесот на духовниот развој на учениците. Добиените знаења и вештини стануваат индивидуално духовно наследство на секој ученик и овозможуваат духовен раст и самопотврдување, што забележавме од коментарите на учениците.

За жал, предметниот наставник по музичко образование започнува со својата работа дури во V одделение. Учениците, како покажува мојата практика, се запишуваат во V одделение како „чист лист“, без претходни знаења - никој не свири на музички инструменти, не ги познава нотите, не ги препознава по слух слушаните дела, предвидени во програмите од I до IV одделение. А тоа негативно се одразува на нашите идни постигнувања и целокупни резултати, така што секоја година со учениците од V одделение, со дополнителна работа, покрај предвидените теми, мора да ги надминуваме слабостите, пропустите и недостатоците појавени при стекнувањето на основните знаења во нижите одделенија. Имам сознанија дека порано наставата по музичко образование ја држел предметниот наставник. Сакам да забележам дека така се работело и ден-денес се работи во Русија и Украина (што мене лично ми е познато) - од прво одделение во

основните училишта часовите по музичко образование ги држат музички педагози, за разлика од Македонија, каде предава одделенски наставник, кој ги нема потребните квалификации за тој предмет.

Со цел да се утврди мислењето на учениците за улогата на музиката во воспитно-образовниот процес, јас спроведов анкета со вкупно 9 прашања прикажана во табела 2:

***Табела 2. Анкета со 9 прашања***

| | **Прашања** | **Одговор** |
|---|---|---|
| 1 | Кои предмети, според тебе, најмногу влијаат на формирање на личноста? | |
| 2 | Дали сметаш дека музиката е многу важна во воспитно-образовниот процес? | |
| 3 | Кога прв пат научи да ги читаш нотите? | |
| 4 | Дали познавањето на нотите ти помага да научиш нови композиции? | |
| 5 | Кога за прв пат почна да свириш на ДМИ? | |
| 6 | Кога за прв пат настапи пред јавноста како член на хор или оркестар? | |
| 7 | Дали стекнатите музички знаења ти овозможија да запознаеш нови другарчиња и градови? | |
| 8 | Дали музичките композиции, кои ги свириш, придонесоа да се запознаеш со прекрасната музика? | |
| 9 | Дали твојот живот ќе беше исто толку интересен, доколку не го изучуваше предметот Музичко образование? | |

Беа анкетирани 110 ученици од ПОУ „Илинден“ село Мождивњак и село Конопница. Така, 48% од учениците мислат дека предметот Музичко образование најмногу влијае врз формирање на личноста.




***Слика 1. Резултати од анкета спроведена во ПОУ „Илинден“ с. Мождивњак и с. Конопница***

Од учениците, 71% се изјасниле дека музиката е многу важна во воспитно-образовниот процес.




***Слика 2. Резултати од анкета спроведена во ПОУ „Илинден“ с. Мождивњак и с. Конопница***

Според анкетата, 87% од моите ученици за прв пат научиле да ги читаат нотите во V одделение, а другите13% од I до IV одделение.




***Слика 3. Резултати од анкета од ПОУ „Илинден“ с. Мождивњак и с. Конопница***

Дури 92% потврдуваат дека познавањето на нотите им помага да научат нови композиции.




***Слика 4. Резултати од анкета спроведена во ПОУ „Илинден“ с. Мождивњак и с. Конопница***

На прашањата „Кога за прв пат почна да свириш на ДМИ?“ и „Кога за прв пат настапи пред јавноста како член на хор или оркестар?“ - 100% од учениците одговориле „Во V одделение“.




***Слика 5. Резултати од анкета спроведена во ПОУ „Илинден“ с. Мождивњак и с. Конопница***

Исто така, на прашањето „Дали стекнатите музички знаења ти овозможија да запознаеш нови другарчиња и градови?“, со „Да“ одговориле 97% од моите ученици, со кои секоја година настапуваме со повеќе концерти низ Крива Паланка и други градови - Скопје, Куманово, Свети Николе, Кратово.




***Слика 6. Резултати од анкета спроведена во ПОУ „Илинден“ с. Мождивњак и с. Конопница***

На осмото прашање. „Дали музичките композиции, кои ги свириш придонесоа да се запознаеш со прекрасната музика?“, со „Да“ одговориле 79%.




***Слика 7. Резултати од анкета спроведена во ПОУ „Илинден“ с. Мождивњак и с. Конопница***

На прашањето „Дали твојот живот ќе беше исто толку интересен, доколку не го изучуваше предметот Музичко образование?“, со „Не“ одговориле 82% од анкетираните ученици.




***Слика 8. Резултати од анкета спроведена во ПОУ „Илинден“ с. Мождивњак и с. Конопница***

Така, горенаведеното нѐ наведува на заклучокот дека музичката уметност има огромен образовен потенцијал. Музиката како предмет во образовниот систем треба повеќе да се употребува со цел да му се посвети внимание на духовниот раст на учениците под водство на предметниот наставник од I до IX одделение.

## Користена литература

Ортаков, Д. (1962). *За музиката*. Скопје: Култура.

Пог, Д., & Спек, С. (2003). *Классическая музыка*. Москва: Диалектика.

Филипс, М., & Чаппел, Д. (2004). *Гитара*. Москва: Диалектика.

Осеннева, М. С., & Безбородова, Л. А. (2001). *Методика музыкального воспитания младших школьников*. Москва: Академия, 368.

Асафьев, Б. В. (1973). *Избранные статьи о музыкальном просвещении и образовании*. Ленинград.

Здраев, Г., & Константинов Д. (2000). *Музичка уметност*. Скопје: Просветно дело.

UDC: 78.087.681.071.2:[373.3:78(497.7)

**м-р Мирјана ПАВЛОВСКА-ШУЛАЈКОВСКА**

# ХОРОТ „ПИКОЛО” - ДЕЛ ОД МУЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Огромен е бројот на истражувања и записи во текот на целата историја на музиката за нејзиното позитивното влијание врз човековото живеење и општење. Вниманието посебно е насочено кон влијанието на музиката (започнувајќи уште од пренаталниот период) во развојот на детската личност. Нејзиното практикување и изучување води кон развивање на низа позитивни особини кај децата, најнапред развивајќи ја нивната интелигенција, мотивација, креативност и др.

Токму во овој контекст, нашите интереси се насочени кон работата на хорот „Пиколо”. Неговото делување е еден репрезентативен пример за развивање и негување на позитивните особини на детската личност, како дел од музичкото образование на учениците.

Детскиот хор „Пиколо” делува повеќе од дваесет години во рамките на ДМБУЦ „Илија Николовски Луј”, Скопје. Формиран е во 1988 година од диригентката Весна Димчевска, која е раководител на хорот и професор во Центарот.

Во периодот до 2003 година тие имаат реализирано повеќе од 80 концерти, при што во нивната архива забележуваме и години кои бележат по 13 настапи годишно. Пред сè, тоа се настапи со разни поводи, но со посебен интерес ги забележуваме нивните самостојни целовечерни концерти на „Охридско лето”, „Скопско лето”, „Дојрански ракувања”, настапи на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на „Денови на македонска музика“, „Недела на јапонската култура“, соработка со Македонската опера и др.

Хорот „Пиколо” во 1997 година реализира и гостување во Германија. Од 1992 година хорот „Пиколо” е колективен член на Детската амбасада на Република Македонија.

Годишно во просек хорот бележи членство на 50 ученици, на возраст од шест до тринаесет години.

Забележителна е нивната соработка со голем број македонски истакнати музички дејци, како диригентите Александар Лековски, Тадеуш Козловски, Перо Петровски, Ле Фи Фи, вокалните солисти Марија Муратовска, Милан Фирфов, Игор Дурловски и други. Во текот на работењето, овој хор реализирал вкупно 44 аудио и видео снимки и реализација на аудиокасетата „Духовна музика” во издание на МРТВ.

Една од главните карактеристики на хорот „Пиколо” е нивната програмска определеност за изведба и негување на дела од светската музичка литература, односно транспозиција на професионалниот вокален солистички репертоар. Пред сè, станува збор за духовни, световни композиции, арии од опери, соло песни од композиторите Ј. Брамс и Ф. Шуберт, а бележиме и соработка со композиторот Димитрије Бужаровски, која резултира и со создавање и реализација на повеќе аранжмани и низа дела од овој автор. Оваа програмска определеност изискува голема професионалност во водењето на хорот, а неретко и музичките рецензенти ги карактеризираат како: „... достојни музички амбасадори... изненадувачки е постигнат степен на професионалност како што доликува на хор од повозрасна категорија...и мали – големи пејачи со кристално чиста и музикална изведба...“ (Наумова, Васка. 1998. „Достојни музички амбасадори“ во *Нова Македонија*. бр.18445:14).

Токму заради нивните репрезентативни успеси, во понатамошното излагање ќе бидат анализирани некои мошне битни сегменти во работата на диригентот Весна Димчевска и реализирањето на музичкото образование кај членовите на хорот „Пиколо”.

***Мотивација***

Иако повеќе истражувања говорат за успехот на учениците, еден од најбитните моменти за ова е мотивацијата.

Да се потсетиме дека успехот во образованието се должи 50% на нивните способности, 25% на мотивацијата и 25% на квалитетот на наставата.

Во овој случај, хорот „Пиколо” е составен од членови кои се бираат по пат на аудиција и сами по себе се музички талентирани деца, а со нив работи стручен и докажан педагог – диригентот Весна Димчевска.

Но, она што го издвојуваме е активноста на учениците. Нивното членување не е средство за да се дојде до саканата цел, односно концертот, туку активноста додека пеат, музицираат и креираат. Ова кај нив предизвикува внатрешно задоволство, заради кое се изведува наставата.

На овој начин, учениците учат заради задоволството што го носи учењето на нова композиција, нова музичка структура, нова содржина на текстот, вклучувајќи песни на различни јазици и вероисповеди, песни со библиска содржина и световни песни, нивно вежбање и изработување, ново доживеано расположение предизвикано од самата композиција итн.

Сето ова создава позитивни емоции кај децата како радост, задоволство и сл.

***Креативност***

„Изведувањето” е всушност процес на креативност. Обработувањето на делото од страна на диригентот и неговото предавање и практикување на учениците е процес на креација.

Изучувањето и изведувањето на хорските дела, кај хористите на „Пиколо” е креативен процес во кој учествува целата личност на ученикот. Така овие деца со членувањето во овој хор се во постојан креативен процес.

Токму и практикувањето на музичката концертна програма што ја негува овој хор, всушност, ја развива креативноста кај децата. На пример, духовните композиции изискуваат продлабоченост на мислата, вид на една постојана концентрирана мисла, додека пак обработуваните соло-песни од романтичниот период на музичката историја бараат субјективен и лирски импулс во изведбата. Композициите од домашни автори, како циклусите „Еко песни” и „Свадбени песни” од композиторот Димитрије Бужаровски, се композиции во кои основата ја сочинува македонскиот фолклор, во композициите „Се скарале, се степале” и „Решил чичо да се жени” и други преовладуваат хумористични моменти.

Сето гореспоменато во текот на работењето и изучувањето на композициите изискува соочување со нови предизвици и нивно решавање: најнапред при совладувањето на нова мелодија, потоа при совладувањето на јазикот на кој е напишана композицијата (некои од нив се на македонски, но диригентот Весна Димчевска инсистира кон изведба на оригиналниот текст: значи германски, англиски, јапонски), а потоа и осознавање на вкупната музичка содржина.

Ова резултира со љубопитност кај децата, стекнување нови знаења (најнапред од музички аспект во поглед на импостација на гласот, водење на мелодиската линија, изучување на разни стилови од музичката историја, динамика во изведбата и др.), нивна заинтересираност, истрајност за да се изработи делото до крај и да се изведе на концерт, развивање на нивната амбиција, развој на меморијата, богата фантазија и стекната самодоверба во личноста на детето што создава.

***Перцепција на емоциите***

Практикувањето на исполнителството, посебно хорската уметност подразбира и перцепција на емоциите. Оваа перцепција се одвива од учениците кон диригентот. Всушност, тоа е заемен чин што стручниот наставник – диригент го воспоставува со учениците хористи. А сето ова е во зависност од содржината на композициите кои се обработуваат

или изведуваат. Преку фацијалната експресија и ставот на диригентот, учениците учат, спознаваат и перципираат среќа, весело расположение, разни динамички елементи и сл.

Тоа понатаму влијае на нивното искуство во работата со луѓето, снаоѓање во разни ситуации, на нивниот богат психички развој како проценувачи и во развојот на нивната интелигенција.

***Професионална ориентација***

Хорот „Пиколо“ својата работа ја заснова со деца од нижиот оддел во музичкото училиште „Илија Николовски – Луј“ во Скопје, на возраст од 6 до 13-годишна возраст (иако имало и години кога во хорот членувале деца со помала возраст од 4 и 5 години).

Сето ова укажува на оној долготраен процес што се вика образование и води кон долготраен развоен процес што го нарекуваме професионална определба. Оваа професионална определба понатаму води кон професионален развој, кој впрочем трае до крајот на животот (иако според Доналд Ступер разликуваме пет фази: растење, истражување, утврдување, одржување и опаѓање).

Професионалноста на диригентот Весна Димчевска (воопштено се однесува на наставникот) и професионалноста со која се води хорот од сите аспекти: спроведена аудиција за прием на нови членови, редовни проби, професионално обмислена и одбрана програма што го задржува интересот на учениците и истовремено тие професионално напредуваат, професионално изработени композиции, голем број концерти, соработка со професионални музичари и професионални институции, голем број аудио и видео снимки и на крај многу реализирани професионални концерти и настапи, резултира со следново: од членовите на хорот „Пиколо“, во текот на неговото дваесетгодишно постоење, 80 ученици се определиле за музиката како нивна професија. Многу од нив се занимаваат со сериозната музика, но дел од нив се активни чинители на музичката естрада кај нас. Оние пак, кои не се занимаваат професионално со музика се личности со стекната музичка култура, се редовни поддржувачи на музичката уметност и постојана публика на концертите на сериозна музика. За нив, поради нивното искуство и членување во овој хор, можеме да говориме како за публика која е едуцирана и при одењето на концерт знае што сака и очекува од изведувачите.

Токму преку примерот со работата на хорот „Пиколо“ е нашето укажување за потреба на стручен кадар во основното образование на учениците, во текот на целиот наставно-образовен процес, односно од почетокот па до крајот на основното (а потоа и понатамошното) образование.

Преку стручноста на кадарот, учениците се запознаваат со основните поими на музичката едукација, а тоа подразбира: правилно пеење, обликување на гласот, распознавање на разните стилски епохи од музичката историја, осознавање на формата и содржината на делото и сл. Освен тоа, тие со неговото практикување и правилно професионално пренесување како што е примерот со хорот „Пиколо“ и диригентот Весна Димчевска, преку овие педагошко-психолошки моменти како фактор во многу влијаат на нивниот психички развој, во развојот на нивната емоционална интелигенција, во нивното позитивно мислење и реализација на себеси, или со еден збор во зголемување на нивното образование и создавање на подобри личности.

UDC: 376.54:373.31

**доц. м-р Гоце ГАВРИЛОВСКИ**

# СПЕЦИФИЧНОСТИ ВО РАБОТАТА СО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ – ДЕФИНИРАЊЕ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА

**Вовед**

Работата со надарени деца е доста специфична и комплексна задача за наставникот. Движењето на едно општество кон научниот, техничко-технолошкиот и општествениот прогрес сѐ повеќе зависи од неговите вкупни интелектуални потенцијали, во прв ред, од најкреативните негови членови, со колкава грижа ги негува, поддржува и поттикнува. Поради тоа, на работата со надарените деца и младинци им се посветува големо внимание во сите воспитно-образовни системи во светот.

Притоа на тоа прашање му се приоѓа од:

– психолошки,
– педагошки; и
– економски аспект.

За ова ќе стане збор во продолжение на индивидуалниот труд.

**Поим за надареност и дефинирање**

Кога ќе се разгледа психолошкиот аспект, за надареност постојат сеќавања што се користат како со слично, така понекогаш и со различно значење. Во литературата постојат автори кои со исто значење ги употребуваат термините: надарен, креативен, талентиран, интелигентен. Но, има автори кои ги употребуваат термините надарен и талентиран со различно значење. Надарен со значење дека се работи за умствена даровитост, а талентиран кога се работи за специфични дарби, најчесто за уметнички активности - како литература, сликарство и нашата област - музика.

Надареноста како феномен различно е дефинирана во различни епохи на цивилизацискиот развој и во одредени периоди од развојот на психологијата. На пример, во првобитното општество надарен бил оној поединец кој бил успешен ловец, во древна Грција надарен бил добриот говорник, вештиот воин или олимпискиот шампион, а пак во XX век тоа бил научникот или пронаоѓачот.

Прва научна студија за надареноста е делото „Наследен генијˮ на Ф. Галтон, публикувано во 1869 година. Оттогаш па до денес се издадени многу научни студии, направени се многу истражувања, во кои надареноста се гледа од различни аспекти и различно се дефинира.

Некои надареноста ја определуваат единствено од аспект на способностите.

За разлика од нив, други автори надареноста ја разбираат пошироко како единствен склоп на црти на личноста и според кои таа личност се разликува од другите поединци.

Според ова може да се изведат неколку основи заклучоци:

– надареноста се дефинира како висока умствена способност-интелигенција, изразена со умствен количник (130 - 140).
– надареноста може да се манифестира во повеќе сфери во општествениот живот, т.е. може да се јави во повеќе видови. Во таа смисла следните неколку групи способности се разгледуваат како посебни видови надареност: интелектуални способности, специјални способности (математички, јазични, технички, ликовни, спортски, креативни и во нашиов случај - музички способности).
– надарените за да можат да се искажат како творци не е доволно само да имаат високоразвиени способности, туку и определени црти на личноста, а и поволни општествени околности и стимулации (зависи од бројни општествени, социолошки и психолошки услови). Мислењето дека оние што се надарени без оглед на сѐ друго, кога и да е ќе ги искажат своите потенцијали веќе одамна се покажало дека е погрешно.
– во основа на надареноста се способностите кои овозможуваат поттикнување на високи резултати во различни области од општествениот живот.

## Препознавање на надарените ученици

Во процесот на откривање на надарени - препознавањето на надарените ученици е првата фаза.

Наставникот има можност да ги споредува и да ги препознава учениците кои квантитативно и квалитативно побрзо напредуваат во споредба со нивните врсници. Постапката за пронаоѓање на надарените ученици е насочена кон оние специфични карактеристики по кои овие ученици се разликуваат од нивните врсници.

Особини на надарените ученици се:

– изразено добар успех во училиште;
– богат речник и рана способност за читање;

- адаптираност во општествената средина;
- рана физичка вештина;
- способност за раководење.

Покрај горенаведените, меѓу особините на надарени ученици кои се јавуваат во нашата област - музиката би ги издвоиле:

- научна метода на мислење;
- високо ниво на енергија и активност;
- супериорна интелектуална способност;
- неограничена љубопитност;
- талент за уметничко изразување;
- умешност во самостојна работа;
- високоразвиен слух;
- креативност и оригиналност;
- развиена механичка вештина.

Наброените карактеристики можат да се забележат уште во најраното детство од страна на родителот, од воспитувачите во предучилишни установи и од наставниците во училиштето. Доколку се работи за талентирани ученици од помала возрасна граница, кои живеат во рурални средини, тогаш има потреба од обучен наставник во одделенска настава, специјализиран за предметот Музичко образование, со цел откривање и развој на надарените ученици.

Наставниците својата проценка за надарените ученици најчесто ја добиваат поаѓајќи од училишниот успех. Оваа појдовна точка на наставниците, секако, не е без основа, затоа што училишниот успех е зависен од интелигенцијата на ученикот како особина на надареност. Но, училишниот успех не е во толку висока корелација со креативноста на надарениот ученик.

При појава на надареност кај ученикот, важна особина е креативноста. Како да се препознае креативниот ученик? Ваквиот ученик има:

- силен интерес за одредени дејности;
- му противречи на наставникот;
- личноста е со многу немирен дух;
- бара нови патишта и начини за решавање задачи и проблеми;
- има голема способност за творештво;
- јака волја за нови методи и свежи идеи во поставување на својата цел;
- многу се љубопитни и поставуваат низа прашања кои може, но и не мора да бидат поврзани со дадената тема.

Надарените ученици имаат:

- авантуристички темперамент, експериментираат;

– доминираат;
– доста се осетливи и самодоволни.

Поради ваквиот жив темперамент, можно е да имаат и послаб успех. На креативниот ученик му е досадно во училиште, па ја нарушува дисциплината: упаѓа во зборот на наставникот, постојано поставува прашања, зборува на час и сл. Често пати наставниците не ги ценат ваквите ученици, бидејќи пречат во наставата и поради тоа не се забележани како креативци. При нивната проценка може да се погреши, ако надареноста се проценува само според нивниот успех. Надареното дете мора да поседува високи интелектуални способности.

Друг недостаток при откривањето на надарените ученици е што од ученикот се бара само да учи и да го репродуцира наученото, при што се занемарува активирањето на мислењето, т.е. воспоставување на творечки идеи. Постојат надарени ученици кои имаат таков склоп на црти на личноста кои ја маскираат нивната надареност (повлечени, интровертни). Проблемот овде е дотолку поголем ако наставникот со своето автократско однесување ја предизвикал ваквата состојба на ученикот. Надареното дете не треба да се гледа со завист, да се игнорира или омаловажува, туку да му се помогне да дојде до израз неговата надареност.

**Идентификација на надарените ученици**

Што се подразбира под идентификација?

Тука спаѓа:

– мерење на степенот на развиеност на особините на индивидуата;
– проценка на особините на поединецот; и
– проценка на духовните и материјалните производи на ученикот.

Тоа значи дека секој ученик што наставникот ќе го препознае како надарен ученик ќе подлежи на тестирање со психолошки мерни инструменти. Кои постапки и какви извори се применуваат за тоа, најдобро може да се види од следниов преглед:

1. Постапка - *Проценување* на надареност.

Извори на податоци:

– родители на учениците;
– наставници;
– соученици.

2. Постапка - *Евалуирање* на квалитетот на ученички творби, изведби, постигнати резултати во учењето.

Извори на податоци:
- успех во спортски активности;
- литературни и ликовни творби на учениците;
- успех во одделни наставни подрачја;
- музички изведби.

3. Постапка - *Тестирања* на способностите, особини на личноста знаењата на учениците.

Извори на податоци:
- тестови на интелигенција;
- тестови на посебни интелектуални способности;
- тестови за испитување на креативноста;
- тестови за испитување на личноста;
- тестови на знаења;
- тестови на музикалност, кои се одвиваат преку пеење на песнички;
- тестирање на чувство за ритам, слушање.

4. Постапка - *Анкетирање*.

Извори на податоци:
- анкетни листови;
- стандардизирани и нестандардизирани интервјуа.

Овие техники ќе ја сочинуваат батеријата за откривање на надарени ученици. Тие во основното училиште најчесто покажуваат натпросечни резултати.

Идентификацијата не треба да биде ниту еднострана (идентификација која се врши со помош на само една постапка), ниту пак еднократна работа (идентификација која се врши само еднаш, на една возраст). Нејзината суштина е повеќекратно - континуирано испитување и утврдување на способностите на учениците во текот на подолг период, со применување на разновидни дијагностички постапки.

Идентификувањето на надарените ученици за определени области или дисциплини може исто така успешно да се остварува со организирање на натпревари или пак по пат на приемни испити.

За надарените ученици од одредени подрачја на уметноста се организираат специјализирани училишта за физичка, ликовна, балетска и музичка култура. Ширум нашата држава постојат бројни специјализирани музички училишта. Во овие училишта се запишуваат ученици надарени за одделни уметнички подрачја, за кои е неопходно рано да се почне грижата за развојот на способноста, по посебна проверка на степенот на надареност. Во овие училишта се работи според посебни програми, а во средното образование се стекнува соодветен образовен профил. Во

рамките на работата на овие училишта може да се развиваат посебни форми со изразитите таленти - додатна настава, менторска работа и сл.

Иако за идентификација на надарените ученици најмногу се одговорни родителите, воспитувачите, психологот и педагогот, токму овој проблем е еден од посериозните проблеми со кои треба да се соочи наставникот при реализирањето на воспитно-образовниот процес. Тие имаат можности да набљудуваат:

- како децата го употребуваат јазикот;
- како ги увидуваат односите;
- како учат;
- како запомнуваат;
- колку се чувствителни спрема предметите од нивната средина и околина;
- каква им е фантазијата;
- како се концентрираат; и
- какви се нивните интереси.

Работејќи на проблемот на идентификација на ваквите деца, психологот ги користи сознанијата до кои дошле наставниците и родителите и нив ги интегрира во сопствените сознанија.

Последната етапа по идентификацијата е организирање на услови за развој на надарените поединци, што подразбира педагошка стимулација според специјални планови за работа во училиштата и надвор од училишната средина, како и општествена стимулација во секој поглед.

Конкретните форми на општествената поддршка за развојот на надарените деца се:

- образовно-воспитен третман (акцелерација, дополнителни програмски содржини, вклучувања во истражувачки и работни тимови и сл.);
- материјална стимулација (стипендии, помош за опрема, кредити, студиски патувања и сл.);
- професионална ориентација;
- организирани стручни друштва, фондови и други соодветни институции.

**Заклучок**

Улогата на наставникот - педагог не е само да го подучува ученикот во неговото совладување на вештините во техниката на свирењето, туку е должен да го запознае со општата музичка писменост и уметност, да настојува ученикот да биде културно воздигната личност, комуникативен човек, а не само професионалец кој е талентиран и кој постигнува само мануелни успеси. Педагогот треба да знае дека тој, всушност, е пропагатор на музичката писменост, подоцна  уметност кај учениците во училиштето и надвор од него.

За наставникот е важно да внимава и на други ситници: како се однесува кон учениците, неговиот разговор со нив, искреноста и друго, затоа што поголемиот дел од учениците ги копираат своите наставници, па не сакајќи ги усвојуваат сите добри и лоши страни од личноста на наставникот.

Во музичките училишта надарените деца доаѓаат до израз на почетокот при нивните први јавни настапи во училиштето за разни поводи: тримесечја, новогодишни концерти, годишни концерти итн. Особено истакнатите таленти одат понатаму од општинското подрачје - настапуваат на ревии во регионалното подрачје, потоа учествуваат на републички - државни натпревари, меѓународни натпревари на кои се доделуваат награди и дипломи како стимулација за нивниот понатамошен развој. Овие натпревари најчесто се спроведуваат во организација на училиштата, стручните друштва и оштествените организации. Програмите се специјализирани и ги изготвува друштвото што ја организира школата, во соработка со Заводот за унапредување на образованието и воспитувањето, на чие подрачје дејствува училиштето.

Во воспитувањето на надарените деца, освен училиштето, најмногу влијае средината во која тие живеат, во прв ред најнепосредната околина-семејството. Многу зависи какви услови има ученикот во својот дом. Дали околината што го опкружува (родители, роднини) е музички поволна, барем во основна смисла да не му смета при вежбањето. Значи доста е важен контактот и соработката помеѓу наставникот и родителите, така што тие да ги контролираат своите деца да вежбаат редовно, да им овозможат услови и навики за вежбање, особено во почетокот на нивниот развој. Пожелно е од нивна страна да се поттикнуваат на слушање музика, посетување на концерти и разни уметнички збиднувања, потоа збогатување на колекцијата на компакт- дискови, касети и сл. На овој начин се создаваат услови за развој на надареното дете.

UDC: 780.61/66:398]:373.3(497.7)

**м-р Марјан ЈАНКОСКИ**

# ПРИМЕНАТА НА НАРОДНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ВО ОДДЕЛЕНСКАТА И ПРЕДМЕТНАТА НАСТАВА

Во современите наставни програми по предметот Музичко образование во основните училишта во Република Македонија, сѐ поголемо место му припаѓа на народното музичко творештво.

Како што е познато, свирењето на инструменти, пред сѐ, орфовите – претставува важен сегмент во современата музичка настава, придонесувајќи за вкупниот развој на музичките способности на учениците. Поаѓајќи од тоа, но и свесни за важноста на подлабокото запознавање со народната музичка традиција, во периодот 2004-2009 година во разни основни училишта во Скопје, спроведовме истражување во вид на експериментална настава со цел – директно запознавање на младите ученици и нивните наставници со нашата инструментална традиција, која сметавме дека може и треба да биде важен сегмент во образованието.

Можностите за масовно вклучување на народните инструменти во одделенската и предметната настава во основните училишта кај нас беа испитувани преку експериментална настава, разработена специјално за ова истражување и остварена со одбрани групи на ученици од разни одделенија, односно застапеност на вкупна популација на ученици од II-VIII/III-IX одделение.

Наставата по народни инструменти, иако не претставуваше дел од редовната настава по музичко образование, битно влијаеше за развојот и проширувањето на темата за музичкиот фолклор каде интегрален дел беше изучувањето на народните инструменти. За нас ваквиот вид на настава претставуваше можност за своевиден педагошки експеримент, односно настава која имаше за цел да ги привлече, заинтересира и оспособи младите ученици да свират на народни музички инструменти, како и да изврши едукација на оние наставници кои имаат желба своето педагошко искуство да го продлабочат со изучување на музички инструменти, посебно на народните. На тој начин, заедно ги согледавме сознанијата за сопствената традиција и ги запознавме главните карактеристики на нашата традиционална инструментална музика.

Во нашето истражување забележавме дека одделенските наставници, за разлика од предметните, не се доволно обучени и стручни за да можат во целост да го постават правилното учење на свирење на инструмент

во наставата по музичко образование, што зависи и од профилот на образование коешто го стекнал наставникот. Учениците од одделенската настава, за разлика од оние кои се во погорните одделенија, ја немаат таа можност (најголемиот број) да бидат вклучени во оркестар и да свират на музички инструменти. Поаѓајќи од тоа, но и свесни за важноста на подлабокото и поквалитетно запознавање со народната музичка традиција, се решивме наставата по народни инструменти да ја спроведеме како во предметната така и во одделенската настава - со цел директно запознавање на младите ученици со народните инструменти, а со тоа сметаме дека истите можат и треба да бидат важен сегмент во образованието.

Во рамките на деветгодишното образование, учениците кои се во предметната настава, пак, имаат можност да избираат изборни предмети, како што е предметот Проекти од музичката уметност (подготвен во 2008 година). Наставниот предмет им се нуди на учениците во третиот период на основното училиште VII-IX одделение.

Понудените проекти од музичката уметност имаат за цел да ги продлабочат знаењата и умеењата на учениците стекнати во редовната настава по музичко образование, а од друга страна да овозможат реализација на индивидуалните интереси, афинитети и музички способности на учениците. Во програмата се понудени неколку типови проекти од различни области (пеење, свирење, слушање музика, музички фолклор). Според посочените модели наставникот може да направи свои проекти и да им ги понуди на учениците. Изборот на проектите и одредувањето на нивниот број во една учебна година се прави според процена на можностите и афинитетите на учениците.

Во контекст на ова, веќе на ФМУ во Скопје, студентите кои се на Одделот за МТП изучуваат предмет наречен Техника на изведување на орфов инструментариум и народни инструменти, предводен од проф. Драган Даутовски. Овој предмет, не само што им овозможува на студентите поблиско запознавање со орфовиот инструментариум и народните инструменти, туку ќе им даде и можност по завршувањето на додипломските студии да можат по вработувањето и практично да ги имплементираат во наставата по музичко образование. Додека, оние студенти кои се на Одделот за МТП со народни инструменти (ФМУ-Скопје и ФМУ-Штип) ќе имаат уште поголема можност сами да ја креираат наставата по оркестар и да придонесат за зачувувањето и развојот на народните инструменти во наставата.

Во истражувањето, наставата по народни инструменти во одделенската и предметната настава беше изведувана од наставници и студенти (од ФМУ-Скопје, од Одделот за МТП со народни инструменти) кои беа во

улога на идни наставници. Исто така, во истражувањето беа вклучени и наставници кои имаа желба да ги изучуваат народните инструменти.

Што се однесува до *изборот на инструментариумот,* кој се користеше во наставата, тој долго време беше подготвуван од наша страна. Со учениците од одделенската настава бевме насочени кон масовно вклучување на некои од подзаборавените и лесно совладливи народни музички инструменти, како што се: дудучето, шупелката и група на идиофони инструменти (клопотарци, тапанчиња, прапорци и дајриња). Со учениците од предметната настава бевме насочени кон стандардните народни инструменти кои се доста посложени, како: кавал, тамбура, тапан.

Што се однесува до *музичкиот материјал*, на почетокот, тоа за нас претставуваше посебно сложена и одговорна задача, бидејќи инструктивен материјал од ваков вид кај нас не постои. Музичкиот материјал го подготвувавме специјално за часовите. Затоа, за создавањето на вежбите за учениците направивме генерален концепт на критериумите кои го прават подобен за наставата од дидактички и од стилско-уметнички аспект.

Критериумите по кои се водевме околу подготовката на музичкиот материјал беа следниве:

– материјалот согледувавме да биде стилски издржан;
– материјалот да биде соодветен за дидактичката намена за совладување на техничките и уметничките проблеми и да биде соодветен за актуелните можности на учениците;
– материјалот да биде од едукативен карактер.

Придржувајќи се до дидактичкиот принцип соодветност на возраста на учениците, односно, имајќи го предвид нивното музичко, интелектуално, културно и интерпретативно ниво, создадовме музички материјал за почетници: збир кратки мелодиски и ритмички вежби за индивидуално, групно и колективно музицирање според два модела – свирење по слух и свирење по ноти. Иако можностите за креаторот на ваков тип вежби за почетници беа мошне ограничени, сепак внимававме и во рамките на овие строги ограничувања да се задржат главните карактеристики на инструменталната музичка традиција кои ѝ даваат препознатлив стилски белег, како што се: мелодијата, метро-ритамот, орнаментиката, артикулацијата, агогиката, бордунскиот начин на свирење и сл. Во поглед на музичкиот материјал се родија многу нови форми, кои придонесоа за севкупното одвивање на наставата (солистички, камерни и вокално - инструментални композиции).

Имајќи ги предвид карактеристиките на популацијата ученици кои учествуваа во изведувањето на наставата (нивниот број, возраст, степен на музичкиот развој и претходното музичко искуство), како и согледувајќи

ја тежината на наставните содржини по предметот Музичко образование, дојдовме до заклучок дека за да бидеме сигурни во успешното почнување на нашата настава треба однапред да подготвиме одредени методски постапки на учење, за предвидените народни музички инструменти. Поради таа причина со учениците од одделенската и предметната настава ги применуваме познатите модели на изучување на инструменти:

***Модел 1 – свирење по слух;***
***Модел 2 – свирење по ноти.***

Основната цел при создавањето на вежбите беа да се зачуваат стилските елементи на македонскиот музички фолклор и, од друга страна, да се остварат техничките задачи на почетното совладување на одредениот народен музички инструмент. Во таа смисла, имавме одговорна и доволно предизвикувачка задача – со скромни и ограничени средства да се создадат технички совладливи, но и естетски задоволителни музички примери.

Во условите на масовната музичка настава, што е и нашиот случај, кога пред учениците се поставуваат проблеми од различна природа, сметавме дека учењето на инструментот преку свирењето по слух ќе претставува најсоодветен модел – како заради карактеристиките на нашата популација ученици за кои веќе стануваше збор, така и заради учење на народниот инструмент во функција на „учење култура“, односно специфичностите на комуникацијата со музиката во народната традиција (усна, секој пат делумно импровизирана).

Затоа, имајќи ја предвид училишната популација со која работевме, бевме многу внимателни и максимално флексибилни во поставувањето на методите за работа со инструмент кои ги подготвуваме специјално за часовите, поврзувајќи ја свеста за минатото со денешните стремежи и задачи на музичката настава во одделенската настава на основните училишта. Поаѓавме од ставот дека запознавањето на музичките законитости треба да биде во соодност со психофизичките можности на детето, а учењето мора да биде спонтано и без претензии за доминација на теоријата над дејството на звукот. Секое теориско објаснување секогаш го илустрираме врз звучна основа за да ја проследиме насоката на нашата настава која се одвиваше во релација: од звук кон симбол и објаснување.

Со примената на народни музички инструменти во основните училишта кај нас (како експериментална настава) по музичко образование во одделенската и предметната настава се оствариja следниве цели и задачи:

- остварена е иницијативата за вклучувањето на народните инструменти во образовниот процес во основните училишта;
- направен е концепт на наставата кој е приспособен на соодветните услови (временски, човечки, просторни, материјални);
- утврдена е постапката за вклучување на свирење на народните инструменти во рамки на редовен час по музичко образование во одделенската настава според брзината на совладувањето на почетната изведувачка техника;
- испробувани се методите и формите на работа со децата – претставници на училишната популација;
- изготвени се базичните инструктивни вежби за работа со изведувачите – почетници;
- оваа форма и содржината на наставата, како и предвидените постапки, наидоа на позитивен одзив кај нејзините непосредни учесници (изведувачите на наставата, учениците, одделенските и предметните наставници) и кај пошироката стручна јавност;
- стекнати се базичните искуства и сознанија за можностите и проблемите на организацијата и изведување на наставата по народни музички инструменти во одделенската и предметната настава во основните училишта;
- изготвена е базата на податоци која ќе биде подложна на понатамошно изучување и обработка.

Генерално, може да се констатира дека во Р. Македонија се создадени услови за масовно вклучување на наставата по народни музички инструменти во општото образование – основно. Тоа се должи, пред сè, на комплетно решениот најважен проблем на секоја наставна дејност – обезбедување на соодветниот наставнички кадар. Ваквиот кадар во изминативе години беше продуциран, пред сè, од Факултетот за музичка уметност во Скопје, а набрзо ќе никнат и нови кадри од ФМУ – Штип, преку насоката за народни инструменти во рамките на Одделот за музичка теорија и педагогија, на која се образуваат идните изведувачи и наставници по музичко образование и народни инструменти. Тие достојно можат да ја организираат оваа настава во основните училишта која е од особен интерес, не само за квалитетното одвивање на образовниот процес, туку, генерално, за нашата севкупна музичка култура, со што ќе се потврди дека музичката педагогија може да ја извршува само висококвалификуван музички педагог кој не само што може извршува наставата по предметот Музичко образование, туку е неопходен фактор и за пронаоѓање и правилно насочување на нови музички таленти кои секогаш се кријат во најраната младост, во одделенската настава.

UDC: 78:37(049.3)

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1: Писмо до министерот за образование Никола Тодоров

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за музичка уметност

До министерот за образование и наука
г. Никола Тодоров

Почитуван министер,

На Факултетот за музичка уметност во Штип на 9 февруари 2010 година се одржа Научно-стручен собир на тема „*Улогата на музиката во образовниот процес*“. На Собирот свои трудови изложија 14 професионални музичари, од кои седуммина професори на музичките факултети во Штип и во Скопје, шестмина професори во основните и средните училишта во Р. Македонија и советник од Бирото за развој на образованието.

Од изложените трудови на Собирот произлегоа повеќе важни заклучоци поврзани со улогата на музиката во образовниот процес, коишто подолу ги наведуваме:

*Музичкиот развој* започнува во пренаталниот период. Веќе во седмиот месец фетусот ги перципира надворешните звучни стимули. Истражувањата покажуваат дека бебињата ги препознаваат мелодиите кои ги слушале во текот на два месеца пред нивното раѓање. Оттука, многу е важно во какво звучно опкружување престојува идната мајка. Агресивните звуци негативно влијаат врз фетусот, додека убавата музика со пријатни звуци има позитивно влијание.

*Основните музички способности* се развиваат во првите 10 години од животот. Првите десет години од животот се важни и за формирањето на *музичкиот вкус*. Музички богатото општествено опкружување, во кое *квалитетното музичко образование и воспитание* посебно се негуваат, овозможува подобар развој на музичките способности и музичкиот вкус, за разлика од опкружувањето кое нуди помалку музички активности. Квалитетното музичко образование во подолг временски период кај децата го зголемува *коефициентот на интелигенција*, ги подобрува *социјалното*

*однесување, училишните резултати, способноста за концентрација* и придонесува во развојот на позитивната *слика за себе, добрите навики и вредности*.

За жал во Р. Македонија на музичкото воспитание и образование не им се придава правото значење кое го заслужуваат. Во Р. Македонија нема во секоја градинка музички педагог, факт којшто е забележан и во Националната програма за развој на образованието на Република Македонија за 2005-2015 година, каде се истакнува дека е „*потребно да се зголеми застапеноста на стручните соработници: музички, ликовен педагог и други стручни соработници, бидејќи нивниот број е незначителен*“. Музичките активности се едни од најважните активности кај децата од предучилишна возраст и овозможуваат развој на психофизички здрава и интелектуално развиена единка. Музичкото воспитание во градинките најквалитетно може да го извршува само музичкиот педагог, поради што е неопходно во градинките да се вработат вакви лица.

Во основните училишта, според новиот концепт на деветогодишното основно воспитание и образование, предметот Музичко образование од прво до петто одделение го предаваат одделенски наставници, иако според концепцијата изготвена од Бирото за развој на образованието е предвидено „*доколку има можност училиштето во петто одделение за наставата по музичко и ликовно образование може да ангажира предметни наставници, како и за наставата по техничко образование* (стр. 86)“.

Одделенските наставници, иако за време на нивното образование изучуваат два задолжителни музички предмета, не секогаш се чувствуваат доволно компетентни за држење настава по предметот Музичко образование. За успешно реализирање на овој предмет, потребно е владеење со повеќе музички вештини, како на пример: пеење, свирење, аранжирање итн. За успешниот развој на овие вештини е неопходно одделенскиот наставник да поседува повеќе музички способности кои треба да бидат тестирани пред почетокот на студирањето. Но, поради укинувањето на приемните испити на кои порано беа тестирани музичките способности на одделенските наставници, денес на педагошките факултети студираат голем број студенти кои не поседуваат основни музички способности, неопходни при совладувањето на музичките вештини важни за држење на предметот Музичко образование. Така, истражувањето направено во 2009 година на испитаници од Педагошкиот факултет во Скопје покажало дека дури 65% од идните одделенски наставници не се способни правилно да повторат зададена музичка фраза, што укажува дека се неспособни правилно да пеат. Постојат и други фактори кои негативно влијаат

врз развојот на музичките вештини кај одделенските наставници како немањето сопствен инструмент за вежбање, краткиот временски период на изучување на музичките предмети (само два до три семестра во текот на студиите), големиот број студенти кои се примаат на студии поради што со нив се работи во големи групи, иако за музичките предмети се претпочита индивидуална настава или работа во мали групи итн.

Предметниот наставник по предметот Музичко образование започнува со реализирање на наставата дури во шесто одделение и ја држи до деветто одделение со еден час неделен фонд. Предметниот наставник, освен предметот Музичко образование, може да држи хорска и оркестарска настава. За наставникот тоа е редовен час, а за ученикот слободна активност. Во Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование во предложениот наставен план за основното училиште од I – IX одделение на стр. 84 се наведува „*Се планира работа на: училиштен хор, од 2 до 5 часа неделно (во зависност од развиеноста на хорот), односно 72 часа до 180 часа годишно; училиштен оркестар од 2 до 4 часа неделно (во зависност од развиеноста на оркестарот), односно 72 до 104 часа годишно*”. Иако наведената Концепција за деветгодишно воспитание и образование е изработена од стручни лица и е потпишана од тогашниот министер за образование и наука Сулејман Рушити, таа сепак не е почитувана при измените во наставниот план. Во измените на наставниот план се направени измени во фондот на наставните часови по хорска и оркестарска настава. Наставата по хор се реализира 3 часа, наместо предвидените 5, додека наставата по оркестар се реализира со 3 часа, наместо предвидените 4. Имајќи предвид колку позитивно влијаат хорските и оркестарските активности врз развојот на личноста на децата, неопходно е да се почитува фондот на часови за овие предмети предвиден во Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование.

Врз основа на анализите кои беа изложени на Научно-стручниот собир дојдовме до заклучок дека:

– во градинките треба да се вработат музички педагози;
– во одделенската настава предметот Музичко образование од првиот период (прво до трето одделение) треба да ја реализира одделенскиот наставник, додека во вториот и третиот период (четврто до деветто одделение) треба да ја реализираат стручните наставници со завршен Факултет за музичка уметност. За успешна реализација на наставниот план и наставни програми се потребни измени во Законот за основното образование на Р. Македонија, за да можат овие заклучоци да се реализираат; и

– во моменталните реформи на гимназиското и средното стручно образование, предметот Музичка уметност да продолжи да биде задолжителен предмет, за да постои континуитет во музичкото образование стекнато во основните училишта. Тоа ќе биде и основа за подобро и континуирано музичко образование за идните студенти на педагошките факултети. Важно е средношколците да не се препуштат на негативните влијанија на техно- и хевиметал музиката, кои најчесто одат заедно со дрогата.

Се надеваме дека претходно наведените заклучоци ќе успеат да извршат позитивно влијание врз идните промени во воспитанието и образованието на Р. Македонија. Наскоро ќе Ви испратиме и Зборник со објавените трудови од Собирот. Ви стоиме на располагање за директна комуникација со Вас во однос на претходно изложеното. Ви благодариме на вниманието и се надеваме дека ќе ни излезете во пресрет во креирањето на иднината на нашите деца!

**Штип, 22.2.2010 г.**

**Декан доц. д-р Илчо Јованов**
**Проф. д-р Милица Шкариќ**
**Доц. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**
**Доц. м-р Гоце Гавриловски**
**Доц. м-р Марјан Јанкоски**
**Доц. м-р Владимир Лазаревски**

UDC: 78:37:061.3(497.7)

**Прилог 2: Статија објавена во весникот „Дневник“ на 27 март 2010 година**

**Нема слух за музичко**



Одделенските наставници не се доволно квалификувани за музичка едукација, а токму во периодот до 10-годишна возраст се развиваат основните музички способности, велат музичките педагози, кои сметаат дека наставата по овој предмет треба да биде спроведувана од стручни лица уште од предучилишна возраст.

Музичкото образование треба да го предаваат музички педагози уште од предучилишна возраст, како и од прво одделение или ако за тоа нема услови, најдоцна од четврто одделение, затоа што одделенските наставници не поседуваат доволно вештини и способности за квалитетна настава по овој предмет, сметаат музичките педагози и професионални музичари во државата.

Тие на неодамна одржаниот Научно-стручен собир „Музиката во образовниот процес“ на Факултетот за музичка уметност во Штип ги изнесоа своите ставови за новите реформи во деветтолетката, според кои, музичкото образование наместо од петто одделение, како што беше досега, ќе го спроведуваат музички педагози дури од шесто одделение. На Собирот со свои трудови учествуваа 14 професионални музичари, од кои седум професори на музичките факултети во Скопје и во Штип, 6 професори во основните и средни училишта и еден советник од Бирото за развој на образованието.

„*Основните музички способности се развиваат во првите 10 години од животот. Бебињата ги препознаваат мелодиите што ги слушале два месеца пред раѓањето. Музичкото образование во подолг временски период го зголемува коефициентот на интелигенција кај децата, ги подобрува социјалното однесување, училишните резултати, способноста за концентрација и добрите вредности. Затоа, од исклучително значење е музичкото воспитување и образование, на кое не му е дадено заслуженото значење да биде спроведувано од стручни лица од најрана возраст*“- вели професор д-р Милица Шкариќ.

Според новиот концепт на деветтолетката, учениците до шесто одделение музичкото образование го стекнуваат од одделенските наставници, кои според истражувањата не се доволно квалификувани за соодветна настава.

„*Одделенските наставници не секогаш се чувствуваат компетентни да држат настава по овој предмет. Неопходно е да поседуваат повеќе музички вештини, но со укинувањето на приемните испити на педагошките факултети има голем број студенти што не поседуваат основни музички способности. Според истражувањето од 2009 година на Педагошкиот факултет во Скопје, дури 65 проценти од идните одделенски наставници не се способни правилно да повторат зададена музичка фраза, што покажува дека не се способни да пеат правилно, немаат сопствен инструмент за вежбање, кратко време ги изучуваат музичките предмети*“ - објаснува Шкариќ.

Анализите покажуваат дека децата пред предметниот наставник доаѓаат без основно предзнаење, односно музички се неписмени.

„*Учениците во петто одделение доаѓаат како ‘чист лист’. Не ги знаат нотите, никогаш не свиреле на инструмент, не ги препознаваат слушаните дела предвидени со програмата од прво до четврто одделение. Тоа негативно се одразува врз нивните резултати, па потребна е дополнителна работа за да се надминат пропустите*“ - вели Лариса Жулина-Митовски, професор во ОУ „Илинден“ во Крива Паланка.

Таа доаѓа од Украина, каде што завршила Факултет за музичка уметност и напоменува дека во Русија и во Украина отсекогаш музичкото образование го спроведувале музички педагози уште од прво одделение.

Жулина-Митовски спровела анкетирање на своите ученици, од кои 48 проценти се изјасниле дека овој предмет најмногу влијае врз нивниот развој, 71 отсто дека музиката е многу важна во образовниот процес, 82 отсто дека животот не би им бил толку интересен без музика, а сите потврдиле дека дури во петто одделение првпат се појавиле во јавноста со хор или оркестар.

Музичките стручњаци се незадоволни и од непочитувањето на концепцијата за деветгодишно образование при измените во наставниот план.

„*Наместо 5 часа по хор и 4 по оркестар, наставата се реализира со 3, односно 4 часа, иако овие активности влијаат многу позитивно врз развојот на личноста на децата. Од друга страна, за наставникот тоа е редовен час, а за децата слободна активност, а овие часови се обично последни во наставата, кога децата се веќе изморени*“ - потенцираат Шкариќ и Жулина-Митовски.

Музичките педагози, анализирајќи ги актуелните состојби и потреби, предлагаат во градинките да се вработат музички педагози, што е предвидено и со националната програма за 2005-2015 година, предметот Музичко образование да го предаваат стручни наставници со завршен факултет за музичка уметност од четврто одделение, а во моменталните реформи во гимназиското и средно стручно образование предметот Музичка уметност да продолжи да биде задолжителен предмет. Според нив, тоа ќе придонесе за континуирано музичко образование за идните студенти на педагошките факултети.

**Жаклина Цветковска**
(новинар во весникот „Дневник”)